# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јули 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ја отворам Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристана Лалчевска, Стојан Андов, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Марија Којзеклиска, Аднан Ќахил и Теута Арифи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Бидејки има земено околу 30 картици, тоа значи и да сакаме да причекаме тешко да можеме да обезбедиме кворум за да гласаме по дневниот ред, затоа објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,30 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници, а во меѓувреме влегуваат пратеници во салата).

Во салата се пристуни 65 пратеника.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието на Република Македонија и Собранието може полноважно да одлучува.

Законодавно-правната комисија предлага дневниот ред на оваа Комисија да се дополни со Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52с тав 5 од Законот за локална самоуправа поднесен од Советот на Општина Шуто Оризари.

Барањето за давање на автентично толкување ви е доставено.

Го молам претседателот на Законодавно-правната комисија да ја образложи итната и неодложна потреба барањето за давање на автентично толкување да биде разгледано на оваа седница.

Има збор госпоѓата Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Согласно член 66 од Деловникот за работа на Собраниеот на Република Македонија, писмено се обратив до вас денешната седница дневниот ред да биде дополнет со барања за автентично толкување на членот 54 став 3 а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесен од Советот на општина Шуто Оризари во смисла на тоа кој го избира Советот кој ќе го заменува градоначалникот во случај кога градоначалникот не е во можност тоа да го стори.

Итноста поради која барам да се дополни дневниот ред со оваа точка е што во конкретниот случај Општина Шуто Оризари поради познати причини е без градоначалник. Во меѓувреме вие распишавте избори и во овој период до изборот на новиот градоначалник Советот на Општина Шуто Оризари практично се соочува со проблеми во работењето.

Од наведените причини се бара денес Собранието да го разгледа барањето за автентично толкување на овој член, секако да се има предвид и разгледувањето на барањето за автентично толкување да се земе предвид мислењето на Законодавно-правната комисија според која ова барање не е оправдано. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Комисијата за давање за автентично толкување на членот 54 став 3 а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесен од Советот на општина Шуто Оризари го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници од кои 65 за, воздржани нема , 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисјата е усвоен.

Пратениците Андреј Жерновски, Слободан Њјадовски, Роза Топузова-Каревска, Нелко Стојановски, Петар Апостолов, Лилјана Ивановска, Соња Лепиткова, Тома Гликоворвски, Благој Голомеов, Благородна Мингова-Крепиева, Ангел Димитров, Сашко Дохчев, Каме Петров, Јанаке Витановски, Мите Николов, Емилија Костадинова, Ана Андова, Борче Петковски, Тасим Сулејмановски, Владо Паунков, Јани Макрадули, Спиро Мавровски, Наташа Биковска, Драган Ѓорѓиев, Славица Станковска и Томе Тромбев предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импопрт Банка.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

**Слободан Најдовски:** Уште кога беше расправата за донесување на законот за измена на Законот за Народна банка и од она што беше во јавноста во изминатиот период доста

актуелизирано ние како пратеници од ЛДП во текот на расправата покренавме иницијатива на која ни се придружија голем број на пратеници од СДСМ и од други пратенички групи. Нашата цел е да се формира анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт банка, посебносо нагласок на последиците кои ќе бидат врз Буџетот на Република Македонија. Нашата цел не е да навлегуваме во стручниот дле на стечајот на Експорт-Импорт банката, туку сакаме да се формира анкетна комисија која што ќе има за цел да ја испита вклученоста на одредени државни органи во случајот на Експорт-Импорт банка. Во текот на расправата можеби ќе биде потребно само дообјаснување, затоа што во образложението има дека целта ни е само да ги испитаме импликациите врз Буџетот на Република Македонија и влијанието на одредени личности кои раководеле со тие институции.

Предлагаме да биде на оваа седница заради тоа што согласно одлуката која што е предложена ќе треба по предлог на Комисијата за избор и именвуање на Собраниеот на Република Македонија да се формира анкетната комисија и затоа предлагаме да биде на денешната седница, за да го задржиме моментот на актуелност и за да ја завршиме работата навреме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 64 за, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот денвен ред.

1.Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година;

2.Предлог на закон за железници;

3.Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон;

4.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување , со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за пратениците, со Предлог на закон;

6.Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт банка;

7.Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари;

8.Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците по Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 73 за, воздржани нема, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Молам дали има некој предлог за изменување на редоследот на точките на дневен ред.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе барам точката 7- Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари да се стави како точка 1, затоа што е потребно да се даде толкувањето.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот точката 7- Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари да биде прва точка на дневен ред гос тавам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 60 за, 2 воздржани, 4 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Госпоѓо Костадинова, повелете.

**Емилија Костадинова:** Јас сакав да предложам поради природата на точките точката еден да остане, а точката три да биде точка 2, бидејќи ддвата предлога се од Министерството за финансии, па поради присуство на претставниците да завршиме со тие две точки, а трета да биде Предлогот на закон за железници.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот, по новиот редослед, точка еден Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари, точка два Предлог за изменување и дополнување на Буџетот, точка три е Предлог на закон за железници, а четири Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси.

Значи, се предлага точката 4-Законот за комунални тески да биде пред законот за железници, односно веднаш после ребалансот на Буџетот.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаем.

Гласале 70 пратеници, 65 за, 1 воздржан, 4 против.

Констатирам дека предлогот е сувоен.

Дали уште некој бара збор во врска со предложениот денвен ред? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам делот околу предлозите за редоследот и за денешната седница го утврдивме следниот редослед на точките на дневен ред.

1.Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари;

2.Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година;

3.Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон;

4.Предлог на закон за железници;

5.Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување , со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за пратениците, со Предлог на закон;

7.Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт банка;

8.Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците по Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Тоа е конечниот дневен ред и откако ќе биде отпечатен ќе ви бие поделен во текот на седницата.

**Минуваме на точката 1 - Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари.**

Барањето и Ивештајот на Закондоавно-правната комисија ви се доставени.

Отоврам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Собранието на Република Македонија констатира дека Барање за давање на автентично толкување на член 54 став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52 став 5 од Законот за локална самоуправа поднесено од Советот на општина Шуто Оризари не е оправдано и нема потреба од давање на автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собраниеот на Република Македонија да се достави до Советот на општина Шуто оризари.

Предложениот заклучок го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 69 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.**

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија, со буџетиите за 2005 година на Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија кои согласно член 3 е од Законот за буџетите се составен дел на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, како и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам општ претрес.

Го молам министерот за финансии, господинот Никола Поповски да го презентира предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред го имаме Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Веднаш да кажам дека и со овој ребаланс, поставените цели на фискалната политика за 2005 година остануваат непроменети, односно во целост дизајнирани во функција на задржување на макроекономската стабилност, стабилизирање на нивото на јавниот долг и натамошно релаксирање на монетарната политика. Владата на Република Македонија во услови на одржлива макроекономска стабилност, а следејќи ја реализацијата на приходите и расходите во првото полугодие од оваа година, оцени дека е потребно соодветно прилагодување на одделните делови од буџетските апропријации до крајот на годината.

Постојниот Буџет на Република Македонија, беше донесен на крајот на декември 2004 година, согласно дефинираната макроекономска рамка и очекуваните движења во економијата, беше донесен.

Врз основа на релативно успешната на економски план 2004 година, во која е остварен реален пораст на БДП од 2,9%, се очекуваше интензивирање на позитивните трендови и понатаму во текот на 2005 година. Од тие причини, политиката беше дизајнирана на начин кој ќе обезбеди реален пораст на БДП од 3,8%,во оваа година, дефицит на основниот буџет во висина од 0,9% од БДП и просечна инфлација од 1,5%.

Во таа насока, беше поставена и фискалната политика за 2005 година, при што остварувањето на основните цели беше поддржано преку следните политики:

- Задржување на буџетските приходи и расходи на ниво од околу 21% од БДП во 2005 година, односно одржување на јавната потрошувачка на релативно исто ниво во однос на БДП од 2004 година;

-Рационално трошење на буџетските средства и јавните финансии и намалување на буџетскиот дефицит на ниво од 0,9%, како што кажав, од БДП во оваа година; и

- Доследно и целосно реализирање на развојната, социјалната и реформската компонента на буџетот.

Кредибилитетот на вака поставената макроекономска политика и рамка веќе се потврди преку актуелните движења во економијата. Во таа насока, економските случувања во првите 6 месеци од 2005 година, кои се на линија на проектираните со Буџетот, претставуваат одлична основа за целосно остварување на проекциите до крајот на годината.

Во реалниот сектор, во првите пет месеци од годината, индустриското производство на годишна основа порасна за 8,3%, додека на месечна основа, индустријата во мај забележа раст од 15,8% во однос на истиот месец од минатата година. Генератори на ваквиот раст се неколку сектори, пред се челичната, текстилната, хемиската, индустријата за градежни материјали, како и производството на електрична енергија. На годишно ниво, очекуваме индустријата да оствари раст поголем проектираниот од 6%. Дозволете само еден податок, кој го имаме како нов денес, а ќе биде објавен во текот на утрешниот ден или во среда официјално, дека индустријата во првите шест месеци бележи раст од 9,3%, што го сметаме за одличен резултат за оваа година.

Во исто време, на годишно ниво, просечната инфлација излезе од негативната зона и изнесуваше нешто над 0% во првите 6 месеци. Во рамките на овој индекс, поради големото влијание на прехранбените и земјоделски производи, цените на стоките се незначително пониски, додека кај услугите се бележи раст од 2,3%. Врз основа на тоа, до крајот на оваа година очекуваме просечната инфлација да достигне 1.2% на годишно ниво.

Во првата половина од 2005 година забележан е и значителен пад на бројот на невработените во нашата држава, при што тој во овој момент бројот на невработените изнесува 371.746, податок од петок, што е за 22.514 лица помалку од крајот на 2004 година. Тоа исто така го сметаме за поволен резултат.

Позитивни движења се евидентирани и во надворешниот сектор, при што во првите 5 месеци, извозот на стоки, мерен во долари, забележа раст од дури 37.1% во однос на истиот период од 2004 година, а увозот порасна со 20,3%. Растот на страната на извозот е резултат на зголемениот извоз на производи од челичната индустрија, прехранбената индустрија, пијалаци, нафта и тутун. Ваквите движења, што е особено битно, придонесоа за намалување на трговскиот дефицит на најниско ниво во Република Македонија во последните неколку години во овие први пет месеци. Што е уште побитно, дефицитот на тековната сметка на Република Македонија во првите 4 месеци е 82,4 милиони УСД, што е за цели 90 милиони УСД помалку во однос на истиот период од 2004 година, односно дефицитот на тековната сметка е намален само за 4 месеци за цели 1,5% од БДП, што е годишна проекција за 2005 година само во првите 4 месеци.

Почитувани пратеници,

Состојбите и условите во кои денес се наоѓа Република Македонија можат да обезбедат висока и одржлива стапка на раст, при што е потребно да продолжат реформите и нивно уште поголемо динамизирање, едновремено демонстрирајќи целосна непоколебливост на тој пат. Токму од тие причини, структурните реформи ќе го претставуваат најзначајниот столб на економската политика во овој период, што впрочем го кажавме и на почетокот на годината.

Во 2005 година, како што кажав, се очекува раст на БДП од 3.8%, при што главниот придонес врз растот се очекува од страна на финалната потрошувачка и бруто инвестициите, кои согласно проекциите ќе учествуваат респективно со 1,6, односно 1,2 процентни поени во вкупниот раст.

Јавната потрошувачка ќе биде на приближно исто ниво како и во минатата година. Раст ќе се обезбеди на приватната потрошувачка и инвестициите, при што приватната потрошувачка ќе обезбеди раст од околу 1.5%, со што би имала позитивен придонес врз растот на БДП за оваа година од околу 1,1 процентен поен. Растот на потрошувачката делумно ќе се потпира на растот на бројот на вработените во 2005 година, како и остварувањето на реален пораст на вкупните просечни нето плати од околу 2,5%, при што заради инфлацијата од 1,5 номиналниот раст на платите ќе изнесува околу 4% во оваа година. Во овие рамки, свој придонес ќе има и продолжувањето на процесот на декомпресија на платите во владиниот сектор, како и зголемувањето на трансферите за околу 3%.

Стабилноста на цените и на курсот на денарот, како и ниската инфлација и понатаму ќе биде една од главните карактеристики на макроекономската политика. Значаен придонес во одржувањето на ценовната стабилност има и исклучително високата координација меѓу фискалната и монетарната политика, а од особено значење ќе биде и продолжувањето на стратегијата на таргетирање на девизниот курс на денарот во однос на еврото во оваа година. Помали инфлаторни притисоци се очекуваат во

втората половина од оваа година, како резултат на очекуваното прилагодување на цената на енергетиката и енергенсите.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми накратко да ги образложам причините за Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, односно потребата за продолжување на рефромските активности и дисциплинирана фискална политика, во насока да обезбедиме долгорочна фискална издржливост. Таквата стабилност мора да се одржи и сега и во иднина и покрај бројните притисоци да се напушти овој концепт, со единствена цел-приклучување кон развиените пазарни економии на нашата држава.

Ваквата цврста определба на Владата на Република Маедонија е потврдена и со извесното склучување, веќе сме на вратата на склучување на договор, на два синхронизирани и исклучително важни аранжмани со ММФ и Светска Банка, со нагласени структурни елементи, кои ќе ја одбележат економската перспектива во наредниот среднорочен период. Главен акцент на реформите ќе биде даден на активностите насочени кон подобрување на инвестиционата и деловната клима во економијата, висока либерализација и флексибилност на пазарот на труд, значително подобрување на ефикасноста на судскиот систем, реформа во јавниот здравствен сектор кој традиционално апсорбира огромен дел од јавната потрошувачка, како и продолжување на реформите во управувањето со јавниот сектор, јавната администрација и во финансискиот сектор.

Оттука, реализацијата на двата среднорочни аранжмани со ММФ и Светската банка, стекнувањето на статус на кандидат и почеток на преговори со ЕУ за членство во периодот 2005-2006 година, реализацијата на првата фаза од децентрализацијата на власта и завршните подготовки за зачленување во НАТО се четирите главни столба на македонската политика во наредниот период, кои се разбира ќе имаат свое големо влијание во економската сфера во позитивна смисла.

Истовремено сакам да нагласам дека со предложените измени и дополнувања на Буџетот за 2005 година, се врши целосно усогласување со меѓународните стандарди, за опфаќање и прикажување и на јавните приходи и на расходи во системот. Во оваа насока отсега подетално ќе зборуваме за категоријата Буџет на централна власт кој во себе ги вклучува централниот буџет кој досега традиционално го перцепиравме (заедно со сопствените приходи на буџетските корисници) и буџетите на вонбуџетските фондови.

Во споредба со претходните години кога измените и дополнувањата на буџетот беа последица и од потребата за ревидирање на иницијално планираните макроекономски индикатори, оваа година со сигурност може да се потврдат првичните проекции, што е показател дека македонската економија постепено постигнува задоволителни стапки на раст.

Со оглед на претходно изнесеното, основни причини за предложениот ребаланс за 2005 година се:

- зголемена реализацијата на буџетските приходи во однос на динамичкиот план за периодот јануари -мај;

- утврдено повисоко ниво на приходи по основ на дивиденда од АД Македонски телекомуникации и буџетирањето на дополнително регистрираните расходи, каи се ефект од следново:

- Измените на Законот за плати на избраните и именуваните лица во износ од 120 милиони денари;

-Утврдената загуба на Народна Банка на РМ во износ од 720 милиони денари, која согласно Законот за Народна Банка ќе се покријат од Буџетот на РМ во услови кога резервите на Нардна Банка се недоволни;

Потребата од обезбедување средства наменети за општите резерви на Народна Банка на РМ во износ од 500 милиони денари и она што е најважно

-финансирање на неопходни приоритетни проекти меѓу кои гарантен фонд за поддршка на мали и средни претпријатија и инвестиции во патна инфраструктура, во образованието и дипломатско конзуларни претставништва, културата и други помали намени.

- креирање на посебни буџетски раздели за одделни државни органи, со цел да се зголеми нивната независност, но и со цел поголема транспарентност и контрола во трошењето на буџетските средства;

- потребата за ревидирање на одделни приходи и расходи со реалното ниво на курсот на доларот кој се промени;

- ревидирање на пореално ниво на приходите на буџетските корисници кои ги остваруваат од сопствени активности, донации и кредити.

Во периодот јануари-мај 2005 годината изворните приходи на централниот буџет што е основниот буџет со буџетите на сопствените активности на буџетските корисници, вклучувајќи ги донациите и кредитите се реализираа во износ од 25.756 милиони денари, од кои 21.711 милиони денари се однесуваат на даночни приходи, односно 84% од вкупните изворни приходи на буџетот.

Во рамки на вкупно остварените даночни приходи, позначителна реализација во овој период од годината е евидентно кај два данока, данокот на додадена вредност и данокот на добивка. Имено приходите по основ на данокот на додадена вредност се реализирани во висина од 10.492 милиони денари, а приходите по основ на данок на добивка во висина од 1.497 милиони денари, што претставува 42% во однос на годишно планираните за првите пет месеци и тие се износи над проектираните со буџетот за 2005 година.

Кај даночните приходи кои буџетските корисници ги реализираат на сопствените сметки, реализацијата значително отстапува во однос на планираниот износ, пред се како резултат на превисоко оценетите иницијални износи од самите буџетски корисници.

Во овој период од годината неданочните приходи се остварени во износ од 3.584 милиони денари, кои воглавно се реализираа на сопствените сметки на буџетските корисници, додека кај основниот буџет евидентно е значително отстапување од планот за овој период од годината,меѓутоа само како резултат на задоцнетата уплата на планираниот приход од дивидендата од АД "Македонски Телекомуникации" која во меѓувреме се реализира и целосно е пренесен на сметката на буџетот, во текот на јули месец, кога буџетот го доставивме.

По основ на капитални приходи во истиот период од годината остварени се 192 милиони денари, кои воглавно се остваруваат од продажба на општествени станови и продажбата на државно градежно земјиште.

Буџетските корисниции во овој период реализираа и 268 милиони денари по основ на донации за финансирање на сопствените проектирани проекти.

Планираната холандска донација во вкупен износ од 816 милиони денари наменета за макрофинансиска поддршка и кофинансирање на аранжманите на Светска Банка и тоа ПСМЛ 2 кој веќе го завршивме и новиот структурен ПДПЛ1 аранжман, ќе се реализира во вториот и последниот квартал од годината, бидејќи истата е условена со ослободување на средствата од кредитите.Во меѓувреме кредитните средства од ПСМЛ се добиени на сметка на Министерството за финансии и очекуваме консеквентно и овие холандски средства да бидат пренесени.

Согласно оствареното ниво на изворни приходи во овој период од годината и одредени корекции на даночните стапки кај одделни видови даноци (акцизи и перссонален данок), кои започнаа да се применуваат од 01.01. 2005 година, како и намалувањето на царините за репроматеријали во текстилната индустрија и земјоделието,што ги усвои Владата неизбежно е ревидирање на иницијалните проекции на Буџетот за 2005 година. Изворните приходи на централниот буџет за 2005 година се ревидираат на ниво од 72.370 милиони денари, односно 3,9% повеќе во однос на буџетот кој го донесовме во декември (вклучувајки ги и приходите кои органите ќе ги остваруваат од сопствени приходи донации и кредити).

Вака ревидираното ниво на изворни приходи се должи на повисокото ниво на даночни приходи кои ги оствариvме и ги оствaруваме и на повисоко утврдена дивиденда од страна на АД "Македонски Телекомуникации" како и ревидирање на сопствените приходи на буџетските корисници на пореално ниво.

Во првите пет месеци од годината расходите на централниот буџет достигнаа нивото од 25.802 милиони денари, во кој износ се вклучени и расходите кои буџетските корисници ги финансираа сопствените приходи.

Структурно набљудувано на расходна страна реализацијата на сите видови расходи е согласно планираната динамика за овој период од годината, кој јас го оценувам како исклучително добро. Имено и капиталните расходи остварија повисока реализација во однос на изминатите години, несомнено како резултат од новото законско решение кое го вградивме во Законот за извршување на Буџетот за 2005 година, со кое буџетските корисници се обврзани да реализираат 30% од планираните капитални расходи во првата половина од годината. Во моментот реализацијата е над 45%. Расходите финансирани од сопствени извори во овој период од годината бележат пониска реализација како резултат на повисокото иницијално утврденото ниво и нивната поинтензивна динамика на трошење во последните два квартали од годината.

Новото ниво на изворни приходи на централниот буџет и ефектите од новите законски решенија, резултираат со зголемување на расходите и нивно преоценување на ниво од 74.111 милиони денари.

Почитувани пратеници,

Овие ревидирани проекции на изворните приходи и расходи на централниот буџет, доведоа и до намалување на нивото на дефицит на централниот буџет во однос на првично планираниот, уште понадолу. Имено со ребалансот на буџетот за 2005 година дефицитот на централниот буџет кој во себе го вклучува дефицитот на основниот буџет (0,3% од БДП) и повлекувањето на кредитите од страна на буџетските корисници на сопствените сметки, дополнителни 0,3% од БДП, се планира во износ од 1.741 милиони денари односно 0,6% од планираниот бруто домашен производ.

Во овие рамки основниот буџет е презентиран со 0,3% дефицит односно 920 милиони денари, од кои 720 милиони денари се однесуваат на буџетско прикажување на трансферот до НБРМ по основ на покривање на утврдената загуба и истите нема да предизвикаат реални фискални импликации во Буџетот за 2005 година. Имено, во 2005 година се планира за покривање на загубата да бидат издадени државни записи во вкупен износ од 720 милиони денари, кои ќе доспеваат по 2005 година и каматните трошоци ќе бидат опфатени од 2006 година. На овој начин, истовремено, на НБРМ и нудиме финанскиски инструмент кој потоа ќе се користи за развој на секундарниот пазар на државни хартии од вредност и постепена промена на употребата на инструменти од страна на НБРМ за управување со ликвидноста во монетарниот систем. Основниот дефицит во износ од 200 милиони денари кој е исклучително низок резултира од

трансферот до НБРМ за обезбедување на општите резерви, заедно со 300 милиони кои ќе бидат од директните даночни приходи.

Останатите 0,3% од дефицитот на централниот буџет се однесува на повлекувањата на кредитите од страна на буџетските корисници на сопствените сметки. Имено повлекувањата во износ од 876 милиони денари се однесуваат на проекти кои се финансираат од Светска Банка и истите директно се имплементираат од страна на буџетските корисници, а воедно буџетските корисници од овие сметки ќе сервисираат обврски по користени кредити во износ од 55 милиони денари. Овие проекти се однесуваат на реформите во катастарот, судството, социјалната заштита, здравството, образованието, развојот на општините, рехабилитација на наводнувањето и унапредување на деловното опкружување. За тоа се донесени и закони во Собрани на Република Македонија.

Вкупните обврски за 2005 година по основ на домашно и странско задолжување во износ од 7.246 милиони денари се однесуваат на редовното сервисирање на структурните обврзници за санација и приватизација на Стопанска банка, за денационализација, за обврска по старо девизно штедење и обврска за селективни кредити во износ од 4.400 милиони денари, како и на обврските по странски кредити во износ од 2.846 милиони денари (вклучувајќи ја тука и отплатата на кредитите кои буџетските корисници ја сервисираат од сопствените сметки).

Планираниот дефицит и отплатата на обврските по основ на главнината, ќе се финансираат покрај од домашни извори ( приходи од приватизација и приходи од емисија на државни хартии од вредност) и од планираната макрофинансиска поддршка, која се обезбедува со повлекување на средства по основ на склучените аранжмани со Светска Банка, стариот ПСМАЛ 2, кој веќе го завршивме и новиот ПДПЛ1, кој тукку што ќе почне, приходите од ЕБОР во процесот на претприватизација на ЕСМ и приходите од сукцесија на поранешната СФРЈ.

Воедно поддржувајки ја определбата на Владата државата да се појави на меѓународниот пазар на капитал, а искористувајќи ја можноста од поволниот кредитен рејтинг, кој го стекнавме во 2004 година, планирана е прва емисија на евро обврзници во последниот квартал од 2005 година. На ваков начин се обезбедува нов современ извор за финансирање на јавните расходи, рефинансирање на постојниот јавен долг, пред се надворешен, како и создавање на можности во наредниот период заентересираните правни субјекти од Република Македонија да се појават на меѓународниот пазар на капитал. Дополнителна придобивка од проектот за емисија на евро обврзницата е и зголеменото промовирање на Република Македонија за привлекување на нови странски инвестции во земјата.

Почитувани пратеници,

Вака дизајнираната фискална политика до крајот на годината, покрај обезбедување на услови за раст, ќе има за цел и:

- натамошно намалување на буџетскиот дефицит и ревидирање на неговата динамика, согласно расположливите извори за негово финансирање во позитивна смисла;

- редовно и навремено сервисирање на обврските кон странските доверители и по домашните обврзници, во функција на одржување на нивото на домашниот и надворешниот долг во меѓународно прифатливи рамки, односно на средно ниво;

- зголемена координација меѓу фискалната и монетарната политика, покривање на загубите на НБРМ и обезбедување на нејзините општи резерви и

- промовирање на Република Македонија на меѓународниот пазар на капитал и привлекување на странски директни инвестиции.

Ова ќе обезбеди и услови за склучување на структурните и развојните аранжмани со меѓународните финансиски институции, успешно спроведување на економските и социјалните реформи и побрзо приближување на Македонија и кон ЕУ и кон НАТО.

Имајки го предвид изнесеното, почитувани пратеници, искрено Ве повикувам да ги подржите предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Господине Краљевски барате зор? (Да). Повелете.

**Чедомир Краљевски:** Барам пауза од еден час, заради дополнително проучување.

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам, ова половина час претходно ви беше поделено и имате уште половина час пауза.

**Чедомир Краљевски:** Претседателе, барем нека биде паузата до 13,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам половина час пауза.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,50 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, а исто така и претставникот на Владата.

Продолжуваме со општиот претрес.

Има збор господинот Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе.

За да не заборавиме дека политиката не е или барем не би требало да биде најважна работа на светот, ве потсетувам дека оваа година се навршуваат 100 години од објавувањето на специјалната теорија на релавититет од вонземјанинот Алберт Ајнштајн. Од таа причина и денес, како и неколку пати порано, во моите

дискусии нема да ја испуштам можноста во контекст на темата да дадам неколку асоцијации со делото на овој гениј кое дело го промени текот на науката и филозофијата избавувајќи ги од контрадикторности во кои беа западнати до неговата појава.

Имајќи го во предвид текстот за измена на Буџетот на Република Македонија што е денес предложен, но и пирамидите што се изградени во последните три години, сметам дека за оваа лева коалиција што е на власт т.е. за нејзините политичари времето не тече и е застанато на 1990 година.

(Во 12,52 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски , потпретседател на Собранието).

Овие политичари се заробеници на привлечната сила од претходниот систем и нема начин тие да се ослободат. Ова асоцира на црните дупки во космосот каде заради силните гравитациони сили т.е. заради закривеноста на просторот околу тие објекти ниту светлината т.е. фотонот не можат да го напуштат тој објект наречен црна дупка, ниту времето може да тече,како што не тече и за оваа власт.

Овие црни дупки имаат својство да голтаат неограничени количества секаков вид материјал, што значи евра, но не 5 милиони, не 10 милиони, туку 100 милиони евра и повеќе.

Оваа коалиција направила Буџет и измени на Буџет, како што тоа во суштина го правеле и до пред 1990 година. Важно е да се урамнотежат динамички приходите и расходите на хартија наречена Буџет. Никој не прашува и не сака да знае колку се реалните можности на нашето стопанство за да тоа одреди колку данок т.е. колку денари ќе се слеат во државната каса иако се тие средства поголеми од расходите, веднаш да ги намали даноците за да го растерети стопанството.

Јас гаев илузии и верував дека ова токму така се прави. Но,сега, после даночните пирамиди тврдам дека тоа не се прави, сигурно не и зошто е тоа така. Па, ако тоа се правело и се знаело кои се можностите на нашето стопанство, немаше да ни се случи даночна пирамида од преку 100 милиони евра надвор од планираното, а тоа да не се забележи веднаш. Ако се беше добро проценето во Буџетот, веднаш ќе фалеа пари и ќе се бараше причината за тоа каде се тие. Ќе се бараше каде течат тие пари.

Според Владата Буџетот скоро перфектно се извршува во однос на сите клучни параметри од буџетската политика. Даноците се собрани целосно, па и повеќе од проектираното на почетокот од годината. Да читаш и да се чудиш како е ова можно кога веќе знаеме дека во исто време е изградена пирамида од над 100 милиони евра иако не била предвидена во Буџетот, барем така тврдат изготвувачите. Зошто, да се чудиш. Па, како може Буџетот да е 100% исполнет т.е. даноците целосно да се собрани и во исто време да останат 100 милиони евра за крадење. Ова значи или Владата не знае да прави Буџет, т.е., не ги познава можностите на македонското стопанство и од ракав собира данок или знае, па однапред испланирала преку 100 милиони евра за црни денови. Трето нема.

Напоменувам дека овие 100 милиони евра не се од сивата економија. Таа не е ни чепната. Овие над 100 милиони евра се пари од регистрирани фирми на кои државата сметала за данок кога го кроела и шиела Буџетот. Затоа сметам дека не е полезно да се дискутира по оваа тема се додека не се одговори на прашањето зошто 100 милиони евра останале непредвидени во Буџетот, а постоеле и ги собрал некој друг. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, господине министре.

На почетокот на моето излагање би сакал да истакнам еден вид полемики со експозето на министерот кое е полно со проекции и со добри намери, со надежи, меѓутоа , за жал, реалната состојба е далеку од она што е тука ставено, единствено со што се согласуваме се бројките, меѓутоа, нивното толкување изгледа очигледно различно, сепак ќе оставиме на граѓаните да проценат чие толкување соодвествува на она што тие бројки го претставуваат посебно во делот на проекциит ена Буџетот, во делот на проекциите на приходите и нормално во расходниот дел.

На почетокот би сакал да кажам дека овој Буџет, бидејќи сме во година кога официјално стартува процесот на децентрализација кој беше алфа и омега на сите владини активности, во активностите на Парламентот во изминатиот период, овој Буџет требаше да се донесе пред 1 јули кога и практично започна официјалниот процес на децентрализација, а не ќе беше лошо и малку пред тоа, од повеќе причини:

Прво, бидејќи градоначалниците и советите на општините кои се конституираат и почнуваат да работат, добиваат инфорамции во последен момент за распределба на средствата по основ на ДДВ и воопшто целокупниот процес на децентрализација се доведува во прашање од една главна причина што најголем дел од општините веќе имаат донесено ребаланси на буџетите и сега веројатно за месец или два ќе треба повторно уште еден ребаланс да носат во кој ќе ги вградат тие нови надлежности кои, според Законот за локална самоуправа и спрема Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, требаше да ги добијат тие надлежности искажани во сите членови и ставови на овие закони, меѓутоа, сега гледаме дека и во пракса, а и во една владина стратегија практично, краткорочна, тие ингеренции се пренесуваат селективно, се пренесуваат во фази и во суштина се импровизира со средствата со кои тие треба да располагаат, посебно со оние

средства кои треба да се слеат од централниот буџет на нив, па така имавме случаи и ситуации каде имаше објаснување дека средствата кои се наменети за образовните институции се навистина мали, Владата го признава тоа, меѓутоа, тоа било причина што секогаш директорите на училиштата многу барале и затоа одлучиле оваа година, токму оваа година кога тие надлежности преминуваат на локалната власт да им ги скратат средствата за 50-тина %, па кој како ќе се снајде и во текот на годината, можеби во текот на зимските месеци кога ќе се случи да немаат доволно огрев или да ги платат сметките за струја државата односно Владата повторно да интервенира овој пат без јасно одредени критериуми, туку по принципот кој прв ќе побара или кој кому повеќе му се допаѓа.

Друга работа која исто така паѓа во очи се проекциите кои претходно ги спомнав, значи, за 2005 година Владата има проектирано раст на бруто домашниот производ за 3,8% кој раст е апсолутно недоволен, незадоволувачки за состојбата во која се наоѓа македонската економија и кој пораст на бруто домашниот производ во споредба со сите околни земји, буквално со сите околни земји што ја опкружуваат Република Македонија и кои се во слична економска состојба или отприлика би требало да бидат во ист степен на економски развој, имаат далеку повисоки стапки на пораст на бруто домашниот производ и спрема оценките на сите меродавни стручњаци, верувам и спрема оценките на министерот и на луѓето кои седат во Министерството, согледувањата се дека пораст од најмалку 5 или 6% може како така да даде некоја надеж за подобри денови на македонското стопанство, на македонската економија за покачување на стандардот и за евентуално нови вработувања.

Со вака проектираниот пораст со кој сме задоволни, очигледно или ќе тапкаме во место како и до сега или ќе тонеме уште повеќе, како што беше случај во изминатиот период.

Друго прашање е што тој проектиран раст на бруто домашниот производ како и минатата година има реални шанси и оваа година да не се оствари, значи тој мал, никаков пораст на бруто домашниот производ кој не обезбедува апсолутно никакво помрднување од мртва точка на македонската економија ниту го запира нејзиното тонење и тој, како таков, има реални шанси да не се реализира, гледајќи го остварениот пораст во првиот квартал каде што планиран пораст беше од 3% на бруто домашниот производ, а остварен е 2,7%. Ако се оди по таа аналогија значи и овој скромент пораст од 3,8% најверојатно нема да се оствари и Македонија ќе биде убедливо на последното место, на дното на листата на сите европски земји.

Другата проекција се однесвуа на стапката на инфлација, министерот кажа во експозето дека таа се очекува односно проектирана е да биде отприлика 2%, меѓутоа, повторно гледајќи ја остварената стапка на инфлација во првите шест месеци која изнесува само 0,2%, значи многу е блиску до негативен индекс односно до негативен предзнак односно до дефлација што уште повеќе влијае на умртвување на замрената македонска економија, значи и во тој дел реални се очекувањата и оваа предвидена стапка на инфлација од 1,2% која е потребна и која можеби за десетти дел од процентот би можело да биде и поголема за да на некој начин влијае стимулативно на извозно ориентираното македонско стопанство, значи и оваа проекција има реални шанси да не се оствари и со тоа, бидејќи очекувањата кои се спомнати во експозето како и причините за тоа дека се очекува пораст на некои цени, меѓутоа, намалувањето на цените на прехранбените и земјоделсктие производи, посебно оние од сезонски тип кои веќе не се тоа и нивното драстично поефтинување можно е до крајот да доведе дури до дефлација или до ставка на инфлација која ќе биде блиску до нулата.

Би сакал само уште еден дел од експозето на министерот за финансии да полемизирам иако во суштина треба да разговараме за Буџетот за стапките и за остварувањето на приходите и за реализација на планираните расходи, мислам дека е тоа целта на донесувањето на Буџетот и најмалку дека Министерството за финансии може само по себе или министерот да влијае на подобрување на овие состојби, меѓутоа, факт е дека најмалку треба со политички коментари да ги разубавува состојбите онакви какви всушност се, така што во овој дел би го спомнал она што министерот за финансии го спомна во експозето, а немаше потреба, затоа што да се споредува порастот на индустриското производство со 2004 година е навистина невкусно, по сите стручни параметри не се споредува пораст со најлошата економска година во индустриското производство и во економијата во повоена Македонија. Кога велам повоена, мислам од 1945 година наваму.

Само за потсетување во 2004 година имавме таков пад на индустриското производство, што беше буквално за аналите на економската теорија, бидејќи во одредени месеци и во одредени гранки, а и целокупно имавме пад на индустриското производство од 30 до 47%. Мислам дека споредбата, кога се земаат базни месеци, овие месеци кога индустриското производство опаѓало за 30 до 50% и сега да кажеме дека се зголемило за 8,3% е навистина несериозно затоа што тоа кажува дека сеуште производството што сега го има, нивото на индустриското производство што сега го има Република Македонија не може и сеуште е далеку од тоа да го достигне нивото од 2003 или 2002 година. Мислам дека натамошен коментар не е потребен.

Што се однесува до една флоскула во обраќањето односно експозето на министерот дека е забележен значителен пад на бројот на невработените во државата при што во моментот изнесува 371.706, што е за 22.514 помалку од

крајот на минатата година, а буквално сите знаеме и граѓаните го знаат тоа на кој начин е извршено тоа намалување, формално, со бришење од евиденцијата на голем број на вработени од разни причини дали некој задоцнил два дена, дали некој пет секунди, дали по основ по кој може едноставно да тужи или да бара објаснување од кои причини се избришани од евиденцијата, битно е дека суштински во тој дел апсолутно не можеме да зборуваме за пад на невработеноста или за зголемување на вработеноста, бидејќи барем тоа, ако другите економски параметри и показатели граѓаните можат да прифатат вакво и онакво толкување бројот на невработентие навистина го чувствуваат на сопствен грб и тука тешко ќе можеме да ги убедуваме со две реченици дека сме го избришале бројот на невработени за 2000 лица и со тоа паднал бројот на невработени и тоа е демек некој економски податок кој треба да не радува.

Она што би сакал да го прокоментирам во однос на остварувањето на приходите е дека иако буџетскиот дефицит се намалува со овој ребаланс, сепак тој е повторно на едно високо загрижувачко ниво што значи дека повторно имаме реални шанси трговскиот дефицит и оваа година да ја помине фамозната бариера од една милијарда долари, што ќе се согласиме, ја загрозува состојбата на платниот биланс.

Прво би сакал да спомнам дека при донесување на Законот за акцизи, министерот за финансии истакна дека истата се зголемува, покрај другото, да се намали трговскито дефицит, што според бројките се покажува дека не ќе може да биде случај.

Она што е интересно за одбележување се неколку ставки, неколку позиции во расходниот дел на Буџетот кои се преточени во амандмани од страна на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, би сакал некои од нив, не сите, кои се поочигледни да ги искоментирам и евентуално да добиеме објаснување или во текот на амандманската расправа или во текот на овој општ претрес.

Значи, има една позиција во делот на Владата на Република Македонија ставката за други тековни расходи е зголемена за 30 милиони денари, јас и на Комисијата поставив прашање, меѓутоа, министерот не беше присутен, имаше повереник, за што се навистина наменети овие средства затоа шо навистина се работи за големо зголемување.

Понатаму дотациите по основ на ДДВ, што и во претходниот дел на излагањето го спомнав, кон општините се планирани на ниво 379 милиони денари, а досегашната кратка, но сепак практика на трансферот на ингеренциите и на средствата на локалните власти, покажува дека ова се и те како малку средства за спроведување суштински на децентрализацијата и на сите надлежности кои што општините треба да ги преземаат според Законот за локална самоуправа и кои што се предвидени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со тоа што дел од нив веќе одат во фази, а тоа не беше случај и оние кои не одат во фази се кратат во старт со некои смешни образложенија дека многу барале директорите, институциите, раководителите, овој пат решиле да им скратат по половина од тоа што барале.

Инаку, сметам во овој дел дека, иако можеби не е во Буџетот тоа предмет, предмет е на друг закон за финансирање на локална самоуправа, меѓутоа не е на одмет да се каже дека во овој дел фалат квантифицирани критериуми во 100 процентен дел, значи за распределба на овие средства по основ на ДДВ и тоа од причина што знаеме дека 50% од нив се распределуваат. Значи само еден критериум е квантифициран, сите други се наброени, значи критериумот број на жители, сите други критериуми се наброени во Законот за финансирање на локална самоуправа, па и во Законот за јавен долг во делот каде што се однесува на задолжување на општините, односно на образецот кој што треба да го пополнуваат се наброени критериумите, меѓутоа, не се воопшто квантифицирани, што остава простор буквално за субјективизам во тие критериуми, во нивно толкување, бидејќи се напишани со зборови, со букви, а не со бројки.

Значи секој критериум кој е квантифициран, мислам по проценти, не мора да биде по апсолутни бројки, е многу транспарентен и појасен и остава помалку простор за било каков субјективизам или оценка на надлежните во Министерството за финансии, дали некој градоначалник му е симпатичен или не, дали некоја општина има градоначалнк од опозицијата или од позицијата и тн.

Она што паѓа во очи се неколку кратења во Буџетот на Република Македонија и тоа во делот за реформи со образложение дека доцнат реформите, меѓутоа, тие образложенија можеби се и такви, објективни за Министерството за финансии, меѓутоа не се оправдување за оние институции и министерства во кои што тие реформи доцнат. Значи апсолутно не се за оправдување и бидејќи сме полни со зборови за реформи, реформски буџети и се што носиме реформско мислам дека време е сериозно и навистина на терен и практично да се спроведуваат тие реформи, покрај декларативните заложби за нив.

Потоа, една интересна ставка, каде што Министерството за економија за привлекување на странски инвестиции и за подобрување на деловно опкружување се предвидуваат само два милиони денари. Сега, без разлика дали се тоа средства кои можеби нема многу директно да влијаат, веројатно такво е образложението. Можеби и реалната ситуација е таква, меѓутоа, сепак во овој дел навистина треба да се остават повеќе средства и во секоја позиција која што на некој начин може позитивн да влијае на подобрување на бизнис климата во Република Македонија, затоа што уште еднаш да го

констатираме овој жален факт што сега го имаме дека во првиот квартал имаме само 38 милиони долари странски директни инвестиции и дека и оние проектирани 180 милиони долари во 2005 година тешко ќе можат да се реализираат со ова темпо со кое се реализираат, меѓутоа, бидејќи се работи за странски директни инвестиции, можеби и може, бидејќи тие не течат континуирано. Меѓутоа, и самата бројка на очекувани, проектирани 180 милиони долари странски инвестиции е толку мала и загрижувачка, што едноставно, ние се доведуваме во ситуација да се помириме со тоа дека и оваа година ќе биде слична или иста како претходната, или како таа пред неа и дека Република Македонија во однос на целокупното свое опкружување, повторно ќе повторам, и во овој дел е убедливо на последното место како што земји кои пред 10 или 15 години Македонија или многу пред тоа, бившата СФРЈ, беше поим за економски развој, за индустриски развој сега имаат странски директни инвестиции кои што се мерат дури и со милијарди долари, нормално, соодветно на големината не можеме да очекуваме и кај нас тоа да бидат две или три или пет милијарди долари, меѓутоа да проектираме бројка од 180 милиони долари, таа ако се реализира ќе биде добра, навистина е смешно, затоа што со тоа ниво на странски директни инвестиции Република Македонија и по овој основ ќе биде убедливо на последното место во европските земји, во сите европски земји по странски директни инвестиции.

Во расходниот дел има уште доста позиции каде што би требало да има зголемување на одредени позиции и за крајот, она што и амандмански пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го интервенира во неколку амандмани е дека во овој вака проектиран ребаланс на Буџетот има можност, има резерва и за зголемување на платите на работниците во образованието. Во основното, во средното, па и во високото образование. Меѓутоа, бидејќи е тоа веќе преточено како амандмански текст за тоа ќе зборувам кога ќе дојдат на ред амандманите. Сега за сега толку. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Се извинувам министре, пред да ви дадам збор, дали некој има за реплика или дискусија.(За дискусија).

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Со политичките определби на говорникот нема да дебатирам. Секој од нас има различни видувања за тоа што треба да се прави во државата, меѓутоа, во однос на податоците и констатациите што ги изнесе, сакам да ги соопштам моите видувања.

Прво беше соопштено дека индустриското производство лани било со најголем пад во последните 10 години, или нешто слично.

Колку за информација, би сакал за го презентирам следното: Во 2004 година индустриското производство падна за 2,1%. Оваа година индустриското производство за 6 месеци има раст од 9,3%. Значи совршено е јасно дека во споредба со 2003 година растот е 7 и повеќе проценти.

Во врска со тоа дека е историски најголемиот пад во изминатите 10 години, дозволете да ги соопштам историските податоци за Република Македонија во последниве 10 години, значи од 1996 до денес индустриското производство најголем пад има остварено во 2002 година 5,3%. После тоа е 2001 година 3,1%, а трета година е 1999 2,6%, што значи дека апсолутно е неточно дека е најголем пад, туку само овие три години 1999, 2001 и 2002 година по секоја поединечно индустриското производство и намалено за повеќе од 2,1%.

Инаку, господине Китановски колку за да немате дилема, индустриското производство во минатиот мандат беше една од рак раните на економската политика. Драстичен пад од година во година кумулативно.

Во 2003 година имаше раст од 4,5%, во 2004 година 2,1% намалување и 2005 година проекцијата е 6%. Сега имаме 9,3% и јас овде кажав дека овде очекувам раст поголем од проектираниот од 6%. Како одат работите до сега, не очекувам некои драстични промени затоа што знам во каква насока се одвиваат активностите, можеме да очекуваме и зголемување.

Бројот на невработени во Република Македонија, факт е дека е намален за износот кој го соопштив во уводното излагање и за волја на вистината бројот на невработените во овој момент е за скоро 5000 лица помал од ноември, октомври 2002 година, кога оваа власт ја превзеде власта после изборите. Значи имаме намалување во однос на 2002 година октомври месец и моите очекувања се таа бројка да продолжи да се движи во таа насока.

За странските директни инвестиции соопштивте податок дека се помали од лани. Тоа не е точно. Во овој момент странските директни инвестиции се поголеми во споредба со првите 4 месеци од минатата година, па макар и мал, меѓутоа, се поголеми од лани, а лани беа поголеми од 2003 година. А 2003 година беа поголеми од 2002 година.

За нивото на странските директни инвестиции има еден битен фактор во Репулика Македонија.

**Слободан Најдовски:** Ќе ве молам без дофрлување од место. Секој имате правод да се јавите после излагањето на министерот со реплика и ќе ве млам, додека министерот зборува да не дофрлувате. Продолжете министре.

**Никола Поповски:** Споредбите со соседството се и добри и лоши. Владата никогаш не тврдела дека странските директни инвестиции во Македонија се позитивната страна на

македонската економска историја, во ниту една година, од 1990 година до денеска. Претходно немавме странски инвестиции. На што се должи тоа се посебна дебата за што не сакам долго да дебатирам, меѓутоа, можам да ви тврдам дека ако има фактор број 1 од 1990 година до денес, тоа не е економски фактор. Тоа е политички и безбедносен аспект.

Соседните држави на Македонија, кои ги спомнавте на Север и на Исток од нас заради историски движења во тие држави, пропуштија во текот на 90-тите години, кога во Македонија се одвиваше масовно процесот на приватизација, заради тогаш избраниот модел, најчесто кон вработените внатре, или кон менаџерските тимови, тие држави не го приватизираа општествениот капитал. Почнаа масовно да го приватизираат во текот на 2001 година по пат на пакети на продажба на меѓународни тендери. Тоа предизвикува ефект дека се продаваат најчесто на надворешни лица и тоа се под фолија инвестиции. Таму има стотици милиони инвестиции во постојните индустриски капацитети најчесто и во постојните услужни дејности. Гринд филд инвестициите се значително помали од странство, отколку од сопствената акумулација во тие држави. Што значи дека иако работите таму стојат подобро, тоа е факт, стојат сезонирано подобро во овие неколку години, затоа што сега ја вршат продажбата. На пример Србија не ги приватизираше тутунските комбинати. Ги приватизира последниве две години со продажба во странство. Кај нас се одбра модел и тој се реализираше со продажба на вработените, а претходно имаше призната продажба по законот на бившата СФРЈ која се прифати како правно наследство и тоа овозможи да се направи таков јаз. Така што тука споредбата која ја кажавте треба да има дополнителни појаснувања. Мислам дека го кажав тоа, извинете ако го повторувам, не е точна констатацијата дека имаме сега помалку странски директни инвестиции отколку минатата година, кажав на почетокот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Повелете господине Китановски за реплика.

**Илија Китановски:** Ќе почнам по ред, бидејќи министерот беше доста конкретен и опширен и јас ќе се обдиам да бидам конкретен. Значи, споредбата за падот на индустриското производство и во неговото експозе и во образложението на Буџетот е за првите шест месеци.

Во првите шест месеци во 2004 година имавме историски пад на индустриското производство, а не во вторите шест.

Споредбата што сега ја правите во оваа година, ја правите во однос на првите шест месеци кога беше тој историски пад на индустриското производство. Значи во месеци кога имавме пад од 30 до 47% во одредени гранки, во одредени месеци. Сега имаме покачување за 8,9 или 17% во одредени гранки, што ќе повторам повторно е малку, односно е пад во однос на 2003 година. Друга работа, споредени најлоши години во однос на порост на бруто домашниот производ, или индустриски инвестиции 2001, 2002 година. За ова ќе кажам само кратко. 2001 беше воена година, 2002 поствоена година.Дали сега се наоќаме во воена година, или во поствоена година, тоа би сакал да ми одговори министерот, за да ги споредиме тие две години.

Трето, бројто на невработените. Бројот на невработените би требало да добиеме таков податок во Парламентот колку лица се избришани од Заводот за вработување по разни основи кои се буквално избришани а не се вработени. Тоа не треба да им го сервираме на граѓаните како зголемување на вработеноста, односно намалување на невработеноста.

Четврто, околу странските директни инвестиции дека биле поголеми од лани. Воопшто не споре за некоја ситна бројка, во однос на вкупната и воопшто не спомнав дека се поголеми или помали од лани, туку дека се малку. Во однос на првиот квартал се 38 милиони долари. Ако тоа е добро, тогаш да кажеме дека е добро. А да не зборуваме пак за структурата, бидејќи веќе навлеговте во структурата. Структурата на нашите директни инвестиции годинава што ќе бидат, освен само послуги и супер маркети, не знам дали имаме некои други директни инвестиции. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Една минута контра реплика министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Податоците презентирани за индустриското производство во првите шест месеци 2004 година сега, посебно се неточни, меѓутоа, ниту има време, ниту очигледно можеме да се разбереме. Не може во шест месеци да имате минус 30% па во вторите шест месеци минус 2% да завршите. Тоа значи дека во првите шест месеци имате плус 30% за да ја испеглате годината, меѓутоа, очигледно дека нема да се разбереме. Податоците по квартали беа од минус 0,7% до минус 3% по секој поединечен квартал од минатата година.

Податокот за кој што реферира господинот Китаноски е погрешен податок објавен од Статистика во почетокот на годината, каде што пондерите беа погрешно пресметани и после тоа се реализираше и остана така.

Во споредба со невработените, има три работи.

Прво, еден дел од нив се невработени, еден дел од нив се избришани од евиденција, откако им е понудена работа, или откако законски не ги исполниле условите да бидат невработени. Тоа е сосема легитимно и тоа е врз основа на законите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Добро, јас сум најмлад па излегов тука да зборувам. Постарите од место зборуваа.

Почитуван потпретседателе, почитуван министре, другарки и другари.

Со големо внимание го следев излагањето на министерот за финансии. Јас потполно го разбирам. Не би бил министер, ако не би бил оптимист, во оваа ситуација на голема апатија, незадоволство и тн. Мора да се внесе нешто што ќе го подигне духот на луѓето, нешто што ќе ја мобилизира нацијата и најпосле да почнеме да излегуваме од оваа тешка состојба во која ни се наоѓа државата.

Од секој пат и во сите земји во кои се донесуваат буџети или ребаланси, се водат многу опстојни дискусии, расправи, се изнесуваат аргументи и контра аргументи, се со цел, да се достигнат позитивни дострели. Во еден буџет, или во неговиот ребаланс се гледа стратегијата за развој на државата, се гледа фискалната политика, целокупната кредитно-монетарна политика, се гледа макро, микро економската политика и низ тие политики секој бара свое место под сонцето.

Јас нема да зборувам за работи за кои што сум зборувал кога се носеше буџетот, меѓутоа ние останувајќи на овие политики, а и сега министерот рече дека оваа политика дала ефекти и дека Владата заедно со Централната банка останува на оваа политика на макро, на микро на фискалната политина итн. И покрај тоа подоцна за тоа ќе зборувам по мое длабоко мислиење за овие 15 години ни донесе голем пад на сите полиња. Јас овој пат сакам нашата буџетска политика економската политика да ја споредам со буџетската и економската политика на една далечна земја во која што бев пред 10 години, тоа е Исланд која од една сиромашна земја денеска е една од најбогатите земји и после Јапонија има околу 30 илјади долари национален доход по жител. Кога слетавме пред 10 години во Исланд се стекна впечаток дека сме слетале на месечината. Кога почнавме да се движиме од аеродромот спрема главниот град се имаше впечаток како да била пред тоа фрлена атомска бомба, камења, скаменета лава, се црно, само од место на место некој гејзер. Таквото нешто се гледаше и кога авионот го набљудуваше Исланд. А кога ќе поминете низ Македонија, полиња, низини, планини, реки, езера и кога ќе ја споредите Македонија таа изгледа како рај во однос на она во Исланд како пекол. Тие имаа само две работи пред 20, 30 години, тоа е океанот полн со риба и гејзери. Тие ги поставија своите стратешки цели на основа на тоа што го имаат да почнат да ја развиваат својата економија. Затоа одлучија да направат големи реформи во буџетската и економската политика. Од една страна да го зголемуваат прихдониот дел на буџетот значајно. Од друга страна да го смалуваат расходниот дел на буџетот и тоа многу поснажно. Со остварувањето на висок дел во приходниот дел ги ориентираа средствата во стратешкиот развој на економијата. Затоа државата потпомогна и преку буџетот и преку многу други форми и методи, посебно преку банкарскиот систем кој го приватизираа исланѓаните слично како што ја приватизираа и индустријата. Тие не знаат за стратешки партнери, тие не знаат за реструктуирање., тие не знаат за 24 загубари. Изградија преку 1000 мали преработувачки капацитети на риба, ама во исто време развија голема флота за лов на рибата. На основа на тоа што имаат гејзери и топла вода изградија електрани за производство на електрична енергија, изградија капацитети каде што струјата ја преработуваа, тоа се големите алуминиумски преработувачки капацитети на база на боксид кои го увезуваа од Африка. Само на две работи тие почнаа да ја дигаат својата држава за да денеска имаат силна фармацевстка индустрија, индустрија од секаков вид, денеска немаат ниеден невработен и денеска немаат ниту еден неписмен. Според тоа, сега се поставува прашањето, дали ние имаме стратешки капацитети, стратешки значајни потенцијали? Имаме без број. Почнете од она наше земјоделие, еве тука го гледам министерот што беше за земјоделие почитуваниоте Ѓорчев каде што имаме огромно производство, а неколку крупни преработувачки капацитети кои се гушат во проблеми, наместо да имаме такви илјадници и илјадници за преработка на пиперот и на патлиџанот и на краставиците и незнам што. Но, ние немаме стратегија, немаме план. Погледајте какви огромни можности ние имаме во рударството. Ние сме најбогата држава тука на Балканот со олово, со цинк, со сериозни наоѓалишта на бакар кој го прати злато, сребро итн. Значи ние имаме потенцијали во сите области, планини каде што можеме да развиеме туризам,реки каде што можеме да развиеме проиводство на електрична енергија и други извори за кои што сакам да зборувам. Затоа тие во нивната стратегија што е многу битно за нашата фискална политика . Тие ги намалија, значајно ги намалија даночните оптоварувања и таксите за да не отиде капиталнот во земјите во кои што владее рајот на даночните олеснувања. Од една страна ги намалија даноците и придонесите и таксите, а од друга страна со силниот економски развој растеше приходниот дел, но направија големи потези во реформата на потрошувачката. Таму не шетаа низ градот и ни ја покажаа куќата каде што живее претседателот на државата, премиерот, па ни покажаа куќи каде што живеат министри, тие не се разликуваат ништо од куќите каде што живеат луѓето. Нема полиција, на натпреварот дојде премиерот и министрите сами без возачи, седеа со нас, нема обезбедување. Кај нас е орда од безбедносни системи, па не само министритете, да кажам и премиерот и претседателот. Тука еве погледајте вие, лидери на партии, по 10-15 луѓе ги штитат како незнам што ќе се случи. И вие кога

ќе отидете да погледате едно нивно министерство, тоа се состои од 15 до 20 луѓе, во комората работат 5-6 луѓе. А ние што правиме? Па ние пола од закните и времето го употребуваме во донесување на закони за формирање на агенции, незнам, можеби има 100-тина веќе формирани, формирање на дирекции, на бироа итн. Сето тоа е на јаслето на буџетот. Според тоа, тие се определија нагло да ја смалат бирократијата. Значи, на сите нивоа. Не сега да расте буџетот, па да расте потрошувачката туку обратно, потрошувачката нагло се намалуваше кај нив. И затоа останувaa огромни средства за развој на екномијата. Кај нас е обратен процесот. Ние ако сакаме да постигнеме резултати, ние мораме во нашата свест да извршиме реформи, ние мораме да сватиме дека мораме да направиме прави реформи, мораме да влечеме прави потези, да направиме такви решенија воопшто во нашиот систем и во општеството кое ќе ни даде крупни ефекти. Инаку, вака ако продолжиме, ние не можеме да излеземе од оваа криза, ние ќе запаѓаме се понатаму и понатаму, ние ќе тонеме, а како што гледате имаме извонредни услови и Македонија можеме да ја развиеме, затоа што располага со големи капацитети. Еве, тука ја гледам колешката Рудар. Еве, ние во буџетот предвидуваме за развој на рударството, па таму и градежништво и незна што, некои минимални средства. Оној систем кој често пати се напаѓа вложуваше огромни средства во истражување. Па тогаш ги откривме големите наоѓалишта на неметални суровини на кои што денеска работат многу рудници, па тогаш ги откривме и металните лежишта во Македонија каде што се отвори "Тораница" , "САСА" итн, тогаш се откри и "Бучим", тогаш се откри и "Фени", фероникелот, тогаш се направија такви значајни потенцијали на што се разви Македонија. Еден таков развој наместо ние да го продолжевме со подршка и на буџетот како фискалната политика и министерот за финансии рече дека еден од главните елементи е развојот , развојниот дел на буџетот. Кога би било тоа навистина така , ние треба да ги усмериме средствата во овие правци, а не некое лежиште да го истражува буџетот, но да ги направи иницијалните решенија. Значи, за да создаде со таквите решенија и со таквите почетни позитивни резултати да создаде интерес кај потенцијалните инвеститори. Еве, на пример јас се обратив до премиерот и до министерот за финансии со едно писмо, не одев да им досаѓам, затоа што го ценам нивното време, дека од вишокот кој го доби државата за среќа од Телекомот да се одвојат одредени средства на истразување на големите потенцијали на термичка енергија. Ако Исланд направил огромни капацитети на гејзерите каде што топлотната енергија ја претвора во електрична, Македонија има сериозни потенцијали исто така да најде прегреани пареи 300, 400 степени температура на вода на поголеми длабочини, за што зборуваат досегашните огромни истражувања кои што сме ги направиле. Но, за почетните истражувања мора да помогне и државата за да добиеме почетни резултати, заради тоа што тоа може да биде еден од големите излезни решенија за развој на државата. А гледате ние колку сме зависни од енергијата, колку сме зависни од нафтата, колку увезуваме електрична енергија од соседните системи итн, а еден момент и еден ден и тешко ќе се увезува, затоа што и таму растат огромните потреби. Според тоа, ако веќе зборуваме за еден развоен дел на буџетот, тогаш тој мора да се покаже во практиката, во животот.

Сега во однос на политиката воопшто . Јас мислам и се придружувам кон оние размислувања дека имајќи во предвид дека ние имавме 15 годишна стагнација . Мораме да имаме многу повисока стапка на развој. Добри се овие показатели што еве, очекуваме 3,8% до крајот на годината раст на бруто националниот производ. Меѓутоа, ајде кажете ми вие на мене, после тоа ќе останам саат време да ми објасни, можеби јас доволно не разбирам, да ми објасни во ситуација кога нафтата од 20 и толку долари,дојде на 60 долари, во ситуација кога имаме депресијација дури и на еврото, како можеме ние да имаме негативна инфлација. Мислам дека за првите месеци е под нула. После тоа еве се зборува за 0,2%. Каде лежи тука проблемот? Ние од една страна зборуваме дека имаме успешна политика која ја води централната власт, ценовната политика, инфлацијата. Од друга страна зборуваме дека имаме успешна фискална политика, а немаме економски развој. Има ли овде доктори, вели: операцијата успешна, пациентот умрел. Тогаш не е успешна. Јас не заговарам некоја инфлација која би не довела во едни ненормални состојби, но барем она што се смета и во развиените земји прифатливо каде што имаме ние развиени земји со 2% инфлација, 3%, барем тие мораме да ги имаме, бидејќи тоа е вентилот што сега треба да го направи развојот. Ако вие водите една таква политика строга, рестриктивна кредитно монетарна политика, нема развој. Никаде тоа во светот не е направено. Ние немаме инвестиции, каматите се многу високи, банката ги откупува записите , банките не ги ангажираат во инвестиции. Најлесно им е државните хартии од вредност да ги откупат, тоа им е сигурно, 10% , нема инвестиции, банките не ги усмеруваат парите во тој правец, а без инвестиции нема развој, без развој нема раст на бруто националниот производ. Затоа ние мораме некаде да најдеме решение, а решението светот го нашол. За тоа јас сум зборувал повеќе пати, од 1990 година упорно зборувам. Сега ние ч!итавме во печатот дека постоја две школи во Владата, едни кои од прилика ова јас што го заговарам , друга која е да се сочува статус кво. Добро е што министерот рече дека измеѓу фискалната политика и кредитно монитарната политика, тоа значи измеѓу Владата и централната банка, или Народна банка, како сакате постои координација, постои договарање, постои усогласеност но тоа

да го направат сега во правец да почне да се развива Македонија, да почне во Македонија да се инвестира, да се создава материјална база, да се создава производство со кое што ќе одиме на странските пазари.

Оваа ситуација сега, тоа е од ситуацијата што е предизвикана поради големиот раст во Кина. Кина ја повлече светската економија со раст од 9%-10%. Затоа производите од црната металургија отидоа така високо. Меѓутоа, Кина веќе засилено гради свои капацитети. Така што не можеме ние да очекуваме тоа на трајни основи. Ние, на трајни основи мораме да градиме своја сопствена стратегија на која што ќе почива оваа држава и кога ќе немаме такви моменти, исклучителни на пазарот, итн. Тука се нашите проблеми.

Значи проблемите се во една стратегија што мора да се изгради. Додека Таки Фити беше министер за информации, тој заговараше ваква политика. Јас ја разбирам Владата, го разбирам и министерот. Тие се притиснати од ММФ, од Светската банка. Но, тие две институции каде што било, како џандари, никој не се радувал. Тие застапуваат други интереси. Еве, да го земеме Исланд, воопшто нема допир со такви инвестиции. И многу други држави и земји. Или, каде што успеале да им се измигољат од нивните стандарди и нивните притисоци, почнале еден таков развој.

Јас мислам дека во Македонија, еве, кога Таки Фити излезе од министер, тој веќе почна пoслободно да размислува. Не е притиснат од овие институции, не е притиснат од други институции инт., и тој веќе има едни други пристапи. Јас се надевам и мојот стар пријател Поповски, кога ќе се врати во Парламентот исто вака ќе дискутира.

Меѓутоа, ние мораме да направиме еден пресврт. Да им кажеме на тие кои не учеа 15 години - благодарам. Еве, не учевте, вие не учевте како да плови нашиот брод, еве бродот дојде во плитки води и се насука. Многу капетани се променија, многу посади се променија, но бидејќи вие управувавте, практиччно еве какви се нашите состојби.

Да не должам повеќе, мислам дека најчесто треба да гледаме на овие проблеми. Не треба тука да гледаме партиски. Немаме ние тука идеолошки разлики. Мислам дека тука треба да преовлада нашата желба да успееме како држава, да овој народ има егзистенција, живот, стандард, да ние, кога се движиме низ државата, како тоа што беше, да гледаме како никнуваат нови фабрики, да гледаме како се отвораат нови рудници, како нашите полиња се полни со производи итн., како нашиот амбар се полни, да ни се полни и душата и срцето и да има задоволство, да ги гледаме своите чеда тука, да остаруваат во Македонија, а не да ја напуштаат во потрага по корка леб и да патуваат по светот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Иванов.

Господине министре барате збор за реплика или за дискусија?

**Никола Поповски:** Да одговорам на трите прашања што ги постави господинот Иванов.

**Слободан Најдовски:** Ќе завршиме ли до паузата, за пет минути?

**Никола Поповски:** Да.

**Слободан Најдовски:** Добро, тогаш дискусија.

Повелете, има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед на почитта што ја имам кон мојот долгогодишен колега во Парламентот, заедно поминавме 4 мандати, би сакал да одговорам на три прашања што ги постави.

Првото прашање беше дали еден ден, ако се вратам во Парламентот, ќе зборувам поинакуод ова што го зборувам како министер?

Одговорот е не. И, ако бидам пратеник, ќе барам уште поцврста политика од некој друг министер за финансии, ќе му ја дадам поддршката за да може да успее да го направи тоа што некогаш јас не можам да го направам, заради разни консталации во коалицијата, Владата, Парламентот.

Второто прашање - дали инфлацијата е факторот на нашиот успех?

Одговорот е дециден, не. Инфлацијата може само да го забави расстот во Република Македонија, доколку создадеме економски политики што би креирале инфлација. Впрочем и самиот господин Иванов, меѓу другото, во своето излагање, една од клучните работи со која што се согласувам со него, рече дека цената на парите, на капиталот во Република Македонија е исклучително висока. И, дека каматните стапки на банките се високи и се насочни на погрешно место.

Во услови на постоење на значителна или помала инфлација, тоа е само уште дополнително зголемување на каматните стапки кон приватниот сектор. Минимум, за нивото на инфлацијата, додадено на сегашното реално ниво на каматните стапки.

И, третото прашање - политиката што Владата и Министерството за финансии ја предлагаат во Собранието е политика на Владата и на Министерството за финансии. Тоа не е политика ниту на ММФ ниту на Светска баника. Тоа е наша сопствена политика.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Притиснето господине Иванов.

Имате три минути реплика.

Повелете господине Иванов.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Не треба три, многу се.

Очигледно, ние сме различни школи. Јас сум белградска, Министерот е скопска. Имаме различни ставови.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Иванов.

Тука ќе ја прекинеме работата.

Објавувам пауза од 1 час.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,58 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Проодлжуваме со работа.

За реплика се јави госпоѓа Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам претседателе.

Сметам дека мојата реплика ќе биде сосема принципиелна.

Во првата дискусија на денешната седница имавме едно предавање за теоријата на релативноста, за атомска физика или космичка физика и некои црни дупки кои голтаат се, па и евра.

Сега во дискусијата на господин Иванов, што ја слушнавме пред паузата имавме предавање за тоа како студениот Исланд со пејсаж како месечината ја разви својата економија. Господине Иванов вие рековте дека во последните 15 години во Република Македонија ништо позитивно не е постигнато и дека минситерот не би бил министер ако не внесе нешто оптимистичко во своите искажувања. Мора да внесе нешто што ќе поттикне духот на народот односно што ќе го мотивира народот. Затоа почитуван колега јас ве рпашувам зошто вие со такво огромно знаење и како стопанственик и како политичар тоа ваше знаење не го ставите на располагање на претходната Влада чиј коалиционен партнер бевте и зошто тоа искуство не го пренесовте на тогашниот минситер за финансии па побрзо да излезевме од кризата. И тогаш зарем им верувавте на цифрите и на бројките што се  изнесуваа, ако сега не им верувате. Рековте дека минситерот е оптимист, можеби ги читалкнигите "Психологија на успехот", во кои што секој успешен човек треба да верува во тоа што го прави и дека тоа ќе вроди со плод односно ќе доведе до успех во иднина. Ако минситерот не им верува на бројките со кои што работи и кои што ги изнесува, како што вие се изразивте. Затоа јас ве потсетувамна тоа дека вашето знаење и вашето исскутво сте можеле да го ставите на располагање и денес можеби ќе имавме пооптимистички дискусии од пратеницит еод опозицијата, а не се така црно.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Иванов.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Точно е тоа дека зборував јас за Исланд, но не реков дека мојата колешка дошла од Исланд. Незнам во која коалиција ме смести оваа моја колешка. Јас не сум бил во коалиција со претходната Влада. Можеби ме побркала со некој пратеник и некоја партија.

Би додал уште дека кога зборувам за Исланд и ислаѓаните заборавив да кажам за ислаѓанките, тие се многу прекрасни, многу љубезни, културни, цивилизирани. Кај нив нема набиено омраза, злоба и затоа исланѓаните успеале.

Јас се надевам дека колешката ќе ми се извини за овие дезинформации што ги пласира во јавноста.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мустафа имате збор.

**Невџет Мустафа:** Благодарам претседателе. Јас ќе бидам сосема краток и конструктивен во мојата денешна дискусија во општата расправа за Буџетот.

Идеата на мојата дискусија е да го подигнам вашето внимание во однос на Стратегијата која во рамките на Владата на Република Македонија е формирано Секретарјат за роми како додаток на генералниот Секретарјат. Тоа е оперативна канцеларија која координира, собир аинфорамции, искуства и ја монинторира имплементацијата на Стратегијата. Токму тука е поводот на моето обраќање, да го дообјаснам мојот амандман, со што навистина верувам дека ќе го привлече вниманието на министерот, бидејќи прв пат нешто такво сериозно се случува, а за што и Владата на Република Македонија си зеде обврска на 31 јануари, кога ја донесе Одлуката за Стратегијата на ромите во Република Македонија. Како генерална цел на Стратегијата е интегрирање на ромите во македонското општество, како и јакнење на ромската заедница во програмираните стратешки цели и активности неопходно е да бидат усогласени со генералната реформска политика на државата. Дополнително, со оглед на актуелната позиција на ромската заедница се наметнува потребата од примена на посебни мерки со чија помош ќе се обезбеди еднаквост во пристапот и можностите на ромите во сите општествени домени.

Токму тука е и моето образложение за амандманот за еден милион денари во однос на одржување на активностите на оваа група. Практично Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за ромите во Република Македонија со која се дефинираат активностите во областа на интеграцијата на ромите, правичната застапенсот, развојот на образованието, домувањето, здравствената заштита и вработувањето. Со олгед на тоа што за имплементација на оваа Стратегија е ангажирана работна група неопходно е да се обезбедат средства за надоместок на нејзината работа. Средставата за оваа цел предлагам да изнесуваат еден милион денари. Сметам дека ова е навистина симболично за одвивање на активностите на оваа работа група. Истите може да се обезбедат со овој ребаланс на Буџетот и

тие ќе придонесаст за поголем мотив на лицата кои се ангажирани во работната група.

Значи, сосема кратко, навистина верувам дека ќе го привлечам вашето внимание и во амандманската расправа во очекување сум мојот амандман да го прифати минситерот, а секако и колегите пратеници. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мустафа.

Повелете господине Оровчанец, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодрам господине претседателе.

На почетокто јас би се осврнал на експозето од страна на минситерот Никола Поповски за изменвуање ид ополнување на Буџетот. Во таа смисла би кажал за општиот впечаток кој ова експозе го нуди и она што ние го имаме како забелешка, а потоа би поминал на нешто што е подетално, посебно во врска со буџетирањето односно Предлогот на ребалансот на Буџетот за фондот за здравствено осигурување за 2005 година.

Ако го погледаме експозето, начинот на кој беше презентирано, нормално самоуверено и по сите параметри кои што ги искажа министерот Поповски овде можеме да заклучиме дека во државата немаме економски пробелми, дека се е во ред и дека напредуваме со сигурни чекори напред во нашиот севкупен развој. Така и почнува самото експозе некаде на втората или третата страница, кредибилитетот на поставената макроекономска рамка веќе ги потврди актуелните движења во економијата.

За ова експозе мислам дека би требало малку повеќе и да се разгледа и подетално да се изанализира, меѓутоа она што претходно господинот Љубисав Иванов-Ѕинго ко дефинира како разлика на школи јас мислам дека не се работи само разлика на школи, се работи за многу посуштествени работи. Мислам деак требаше експозето да биде покритично за да можеме да извлечеме што повеќе елементи кои што можат да ги корегираат состојбите во оваа сфера и работите да одат на подобро.

Не би се согласил со констатациите дека работите одат добро и дека за првите 5 месеци од годинава индустриското производство на годишно ниво пораснало за 8,3%. Јас ќе се согласам со оваа цифра дека е 8,3%, меѓутоа некој тоа го нарече овде историски пад на индустриското производство во изминатиот период, меѓутоа, јас сакам да нагласам уштенеколку елементи кои тука постојат.

За тие статистички податоци кои претходно постоеа ние имвме и ситуација да имаме промена на директорот на статистика затоа што не можеше да извлече статистички податоци кои што одговараат на потребите на власта. Тоа е една работа.

Во меѓувреме треба да го потсетам и министерот, сигурно и јавноста дека имаме промена во методологијата и статистичка и севкупна, така да на овој начин презентиран резултат мислам дека е неосновано.

Што се однесува до сегментот каде што во првата половина од 2005 година забележан е значителен пад на бројот на невработеноста и дека тој во моментот изнесува 371 илјада, што е за 22.514 помалку од крајот на минатата година. Мислам дека е ова чисто една оперативна интервенција со потезот кој беше направен да се разграничат оние кои што активно бараат работа и оние кои што бараат работа, меѓутоа не се надеваат толку а сакаат да искористат одреденисоцијални бенифиции кои постојат, а тоа е да добијат синикартони и т.н. На тој начин имаме еден пад на оваа невработеност токму поради една ваква интервенција, штона крај краишта не е ни лошо во смисла на диференцирање на тие што бараат активно работа, да се вработат во однос на оние кои што пасивно бараат работа, или пак сакаат од својата невработенсот да искористат одреденис оцијални сегменти. Меѓутоа не можеме врз база на овој податок да видием дека псотои воопшто некаков напредок во вработувањето, посебно од оние 66 илјади нови вработувања што Владата како економска програма ги најави пред стотина дена, или дали воопшто има такви.

Што се однесува до тоа, во натамошниот дел би се осврнал околу инфлацијата. Тука јас би се согласил со господинот Иванов врз база на трибините, анализите, округлите маси околу овие прашања кои ес дефинирани гледаме дека стручното мислење се повеќе нагнува према овој сегмент на решавање на ова прашање, меѓутоа јас мислам дека начинот на кој оваа монетарна политика се држи и третира во овие услови на презатегнатост и посебно околу импутите на енергетиката, конкретно нафтата која ги достигна максималните вредности, а очигледно следуваат и други импути, сигурно ќе биде струјата, за која што не знаеме колку ќе поскапи и во услови на недостаток на енергенси мислам дека врз база на оваа рестриктивна политика може да дојде и до неконтролирна инфлација, која што сигурно би била многу полоша варијанта од она што во овој момент е и побарување најмногу од стручната јавност во овој сегмент.

Дека не е тоа се така како што сакаше минситерот во експозето да го прикаже јас би го потврдил со нешто што е финансирањето односно предлогот на ребалансот на Буџетот за Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија

Господине министре на седницата на Комисиајта за здравство минатата година, на 22 декември 2004 година едногласно беше донесено, јас тој дел ќе ви го прочитам "Комисијата заклучи ..." бидејки немаше време, се носеше во еден тесен временски период и дојдовме до заклучок заедно со претставникот од Министерството за финансии, кој заклучок е внесен во Извештајот на Комисијата дека со ребалансот на Буџетот за 2005 година ќе се обезбедат средства потребни за реформи во здравството согласно проекцијата

како буџетска подршка. Дека ова е во согласност со проектот кој е кофинансиран со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој во насока на дополнување на реформите во овој сектор. Во оваа насока беше речено дека е потребно навремено вклучување во подготовките на ребалансот со цел да се овозможи непречено остварување на реформите. Ние сме сведоци, минатата седница на Владата беше посветена на некој начин на реформите во здравството, меѓутоа во ребалансот на Буџетот тие реформи се актуелизираат, најавуваат, со други зборови тие се на прагот, меѓутоа во ребалансот на Буџетот не можеме да видиме дека воопшто постојат средства со кои што би биле пдоржани финансиски овие реформи. Без финансиски средства имате реформи кои сигурно нема да усепат.

Друга работа што би сакал да истакнаме намалувањето на средствата и нивното недефинирање во поглед на потрошувачката од органите кои се во здравството.

Сакам да ве потсетам дека оваа Влада односно претходната Влада, меѓутоа семтаме дека е тоа истата коалициона Влада која е во континуитет три години ги прошири програмите во здравството кои спаѓаат во превентивните програми и тоа на цел глас го фалеше дека со зголемвуање на бројот на превентивните програми опфаќаме поголем сегмент на превентивност со што ќе ја подобриме целокупната здравствена состојба во Република Македонија. Какопрограми јас без разлика што сумопозиција ги подржав, меѓутоа проблемот е што овие програми не се материјално финансирани. Да бидеме јасни.

Државата кога ги донесе во Буџетот тие програми треба да биде доследна во нивното извршување и нивното финансирање. Средствата кои како доприноси влегуваат во Фондот за здравство се средства на осигурениците и тие треба да служат за она што се потреби на осигурениците. Превентивните програми се програми на државата. Со овие програмид ржавата треба да овозможи повисоко ниво на здравствена заштита не во смисла на куратива туку треба да обезбеди повисоки стандарди на здравствена заштита со што севкупната здравствена ситуација во Република Македонија би ја подобрила.

Кога зборуваме за тие програми гледаме во преписката помеѓу вас и Фондот за здравствено осигурување дека едноставно не можете да се најдете ни вие ни они каде се. Овде би требало сепак за некои работи покрај тоа што дискутираме и вие цврсто да застанете како министер и да ги дефинирате.

На 19 јули 2005 година имате Одлука на Фондот за здравственоосигурување за утврдување на Предлогот на ребалансот на Буџетот за 2005 година, а претходно имате допис заедно со Предлогот на ребалансот на Буџетот од страна на Фондот до Министерството за финансии потпишано од директорот на Фондот каде што ве известува за одредени пропусти во ребалансот, меѓутоа тие пропусти ние не можеме да видиме дека ги решавате сега во ребалансот на Буџетот.

За да бидам поконкретен, кои се замерките, прво, дека имаме намалување на приходите од Буџетот на Република Македонија за превентивните програми за 20 милиони денари. Потоа имате намалување на приходите од придонеси од пензиско и инвалидско осигурување на Македонија за 29.230.000 денари и во точка 3 имате зголемување на приходите од придонеси за невработени лица за 28 милиони денари. Значи ако земеме се, ќе видиме дека намалувањето вкупно практично е многу поголемо отколку ова што сте го дале како придонеси за невработени лица. Значи, Фондот за здравствено осигурување во допис број 7 од 15.06. о.г. доставил Предлог-ребаланс до Министерството за финансии за зголемување на Буџетот на Фондот за 2005 година за 229 милиони денари, кои се однесуваат на зголемување на приходите на Буџетот за превентивни програми, за 65 милиони и зголемување на приходи од Фондот по основ на пренесен вишок на приходи од претходни години 164 милиони денари. Да не набројувам понатаму.

На седницата на Комисијата ги прашав претставниците на Министерството што со овие 165 милиони денари. Тие објаснија дека тие пари се стигнати на сметка на Фондот некаде на 30-31 декември 2004 година, дека Буџетот за 2004 година е затворен и дека не можат да влезат таму. Меѓутоа, не ги опфаќаме и во ребалансот на Буџетот овде, а тие пари се потрошени 2005 година, значи веднаш после Нова Година, уште на 5 јануари се потрошени и сега доаѓаме во една ситуација овие пари, доколку не влезат во овој ребаланс, ние ќе имаме една ситуација каде што ќе искажеме дефицит. Мене не ми е јасно како не можете да најдете начин овие пари да ги групирате таму каде што треба да бидат.

Што се однесува до сите овие работи, доаѓаме до една ситуација која на некој наин бегло ја поминавме и за која би требало вие како Министерство за финансии сепак да имате извесна анализа, а тоа е веќе донесениот Закон за работни односи, каде што ги скративме деновите на боледувања по однос на работодавците, а ги зголемивме оптоварувањата спрема Фондот за здравствено осигурување. Некои анализи зборуваат дека тоа се годишно нови оптоварувања или расходи во Фондот за здравство од 450 милиони денари, а некои кои се поголеми песимисти одат до 550 милиони денари, но да ја фатиме и минималата, ќе видиме дека дефицитот на Фондот интензивно ќе се зголемува, а во овие услови, колку што имам информации, во последниве три месеци ќе имаме континуирано намалување на приходите во Фондот за здравствен осигурување, што е индиректна слика за состојбата во економскиот сегмент на живеењето, затоа што не се уплаќаат придонеси бидејќи нема или има помалку вработени или нема средства со кои на оние што

се вработени би им биле уплатени придонесите за пензиско и здравствено осигурување во фондовите. Ако дојдеме сега до оваа констатација, и од 2002 година за која велите дека е најлоша година, бидејќи сакате така да биде да кажеме дека била најлоша година, Фондот за здравствено осигурување завршил со дефицит од 38,9 милиони евра во 2002 година, мислам на севкупен. Денес дефицитот, господине министре, е меѓу 78 милиони и 82 милиони евра. Ако продолжи дефицитот на овој начин и се интензивира, а приходите одат надолу, вие сте рестриктивни и во превентивните програми, а јас мислам дека во здравствениот сегмент дефинитивно ништо не ќе може да се реализира, а камо ли реформи. Меѓутоа, постои една опасност за целиот здравствен систем како таков да колабира и понатаму не знам како ќе може да го рестартираме или даизградиме нов систем. Значи состојбата воопшто не е розова како во експозето и за тоа имавте доволно податоци, а за овие работи за кои ве информирав мислам дека треба да преземете нешто и да ги внесете во ребалансот на Буџетот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете министре. Дали барате реплика или имате објаснување?

**Никола Поповски:** Како предлагач се јавувам.

**Љупчо Јордановски:** Добро, бидте кратки затоа што сакаме да ја завршиме расправата.

**Никола Поповски:** Краток ќе бидам, претседателе.

Господине Оровчанец, за делот на дискусијата во врска со методологијата за индустриското производство нема да дебатираме, затоа што изнесовте погрешни премиси. На нив натаму мора да градите и погрешни заклучоци, нема друг пристап. Тие се погрешни.

И второ, би советувал многу лесно да не давате изјави дека стручната јавност советува дека треба инфлација за да биде подобра економската состојба во било која држава. Би бил поумерен со такви изјави виза ви светската стручна јавност.

Меѓутоа, во врска со здравството, состојбата во здравството во Република Македонија е критична од аспект на финансирањето знаето зошто? Затоа што здравствениот систем во Република Македонија, финансиран преку Фондот за здравствено осигурување, од 1990 година до денес во основа не се реформира, нема фискална или финансиска контрола, нема финансиско планирање, нема планирање на приходи или расходи однапред, нема следење на извршувањето на приходите и расходите како што треба, нема известување во врска со тоа и нема никаква контрола. Тој систем во такви услови и немал друг избор, освен да колабира.

Слушајќи што ми советувавте за централниот буџет да работам во првиот дел од вашето излагање и слушајќи ве какви констатации изнесовте за Фондот за здравствено осигурување, само потврдивте дека политиката што ја водиме е исправна, затоа што ако ги потрушам вашите совети и за централниот буџет што зборувавте, за три години централниот буџет ќе биде во иста или во полоша ситуација од буџетот на Фондот за здравствено осигурување.

Меѓутоа, Владата на Република Македонија ја прифати токму обратната логика од таа што вие на некој начин овде ја поддржавте, а тоа е почнувајќи од сега, со оглед дека многу мерки се преземаа веќе, наместо да го прилагодуваме добриот систем на лошиот, ние го прилагодуваме лошиот на добриот, односно здравствениот систем во Република Македонија во иднина, почнувајќи од фискалната 2006 година, многу повеЌе ќе биде сличен на системот на централниот буџет и тоа ќе подразбира дека редовно ги измирува своите обврски врз основа на своите планирани приходи и расходи, отколку да го сведеме централниот буџет на оној на здравството. Како минситер за финансии одговорно можам да потврдам дека сите сегменти на јавните финансии се консолидирани, освен здравствениот систем, по мое видување, нека ми биде дозволено тоа да го кажам, меѓу другото и заради фактот што доктори по медицински науки или лекари постојано го водат Фондот и финансиските текови во Фондот или во Министерството за здравств, таму треба да се направи еден радикален пресврт, а тоа значи тие да ја водат здравствената политика од медицински и здравствен аспект, а финансиската, организационата и друга работа повеќе да ја дадат во рацете на тие кои покомпетентно ќе ја водат. Значи ниту еднаш не реков во моето излагање дека здравството е така како што е, односно обратно од тоа што е, напротив, здравствениот систем во Република Македонија пати од недоследности кои резултираат со високи - не се тоа дефицити туку се неизмирени обврски, инаку, ако гледате формално, тој има балансиран буџет секоја година и креира обврски секоја година, кои се кумулираат постапно ама сигурно, заради тоа што таков систем на здравствено осигурување сме воспоставиле. Ако го видите Законот за здравствено осигурување и здравствена заштита, тоа е еден од ретките закони кои 15 години со мали измени и дополнувања ги тркаламе во Република Македонија без радикален рез во таа ситуација.

Од тие причини, на вашето прашање што ќе правиме со здравството од овој агол гледано, финансиски, ние ќе го прилагодиме финансискиот систем во Фондот за здравствено осигурување да биде многу сличен на буџетскиот систем, со мали исклучоци кои се фондовски специфики и уверен сум дека тоа ќе придонесе во првата година да престанат да се креираат нови обврски кои Фондот не може да ги исплати, а понатаму и постапно да се измируваат сите преземени обврски кои сеуште не се измируваат рационално во Здравствениот фонд. Затоа,

уверен сум, ама навистина сум уверен дека можеме да постигнеме нешто во здравствениот систем и Здравствениот фонд да личи повеќе на централниот буџет, на Пензискиот фонд и на другите фондови кои не создаваат од месец во месец, од година во година обврски, туку да ги измирува со своите приходи и расходи точно тие што се проектирани и определени со закон и контролирани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец три минути реплика.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам.

Па добро, еве, министерот призна дека состојбата во здравството е катастрофална и мене ме радува што призна, меѓутоа, мора да признае дека најголемиот дефицит што новата власт, оваа тригодишна, го направи, тоа беше докторот по економски науки Рубинчо Заревски, а не другите доктори. Тоа е една работа, господине министре.

Второ, јас овде зборував за средства од Буџетот кои се по програмите, зад кои стои Владата на Република Македонија, тоа се буџетски програми. Вие како министер за финансии имате одговорност да ги исфинансирате тие програми кога веќе Собранието тие програми ги донело. Според тоа, вие сте соучесник во дубиозите на Фондот затоа што не давате средства предвидени со Буџетот за програмите, туку се користат средствата од Фондот, од осигурениците за да се финансираат тие програми.

Трето, поставив уште едно практично прашање, а тоа е што со тие 165 милиони денари кои не ги гледам во ребалансот. Тие пари не се влезени во ребалансот за 2004 година,  гледаме дека овде повторно нема да влезат. Мислам дека ни стручно ова не држи, господине министре.

Што се однесува до стручната јавност, јас се повикував на стручната јавност во Република Македонија, мислам дека тоа е убедувањето, можете да ги прашате и претходните министри за финансии и од вашата партија, меѓу кои и господинот Таки Фити се согласува со тоа. На ова прашање не се повикував лаички, туку се повикував врз основа на следење на дискусиите, мерките и предлозите што таа стручна јавност во Република Македонија по ова прашање ги има.

Кога сме веќе кај ова, јас ќе ве потсетам дека вакви расходи никогаш немало во Фондот, а никогаш во здравството немало помалку ниту лекови, ниту материјали, ниту било што. Многу е добро да влезете во тој систем и да видите каде и за што одат тие пари.

Четврта работа што би ја кажал, како ќе се справите со штрајкот што е најавен за 12 септември од Клиничкиот центар, каде барањето е 100% зголемување на платите, меѓутоа, во неформални, зборувам за неформални разговори на Синдикатот со Министерството за здравство ветено им е меѓу 45% и 50% зголемување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Дозволете да ја искористам едната минута.

Господине Оровчанец, бидејќи во текот на вашето излагање постојано се повикувате на ваши информации од Клиничкиот центар, Фондот и тн., беднаш да ви кажам дека ви се прилично лоши, затоа што, на пример, 160 милиони денари, тоа е оној факт што го говорам, не треба докторите да се бават со финансии. Тие 160 милиони денари не се приход.

(Реакција на пратеникот Оровчанец со зборовите: "Јас сум пратеник во овој Парламент").

Зборувам за тие што ви ги дистрибуирале информациите. Тоа е само показател дека едно недоразбирање во врска со струката може да предизвика погрешни политички чекори. Потпирањето на такви информации е само во насока на оние кои сакаат да ги изманипулираат пратениците, за да ги донесат во ситуација на погрешни заклучоци. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Славе Арсовски, имате збор.

**Славе Арсовски:** Почитуван претседател, почитуван министер, колеги пратеници,

Би сакал да се вклучам во дискусијата по предложениот ребаланс на Буџетот за 2005 година и би дал свои согледувања во врска со истиот. Не е ништо чудно да има ребаланс на Буџетот, имавме ребаланс и минатата година кој беше изнуден по еден основ, да речеме, тогаш беше по основ на непотрошени доста големи средства за капитални инвестиции, а еве овој ребаланс е изнуден по основ на зголемени приходи кои даваат можност тие средства да се релоцираат на други нивоа. За мене е битно и е основно глобално прашање, од кое произлегуваат и другите прашања кои се насочени односно опфатени со самиот Буџет, а тоа е дали проектираните цели кои беа зацртани во самиот Буџет за 2005 година од страна на Владата на Република Македонија, во овој шестмесечен период, се остваруваат, како се остваруваат или не се остваруваат. Според мене, тие поставени глобални цели се остваруваат во една позитивна насока, односно и самата фискална политика е дизајнирана во правец на макроекономската стабилност, стабилизирање на јавниот долг на нашата земја, во врска со што дискутиравме и на самата Комисија за финансирање и буџет и рековме дека нашата земја е средно задолжена или под тоа ниво, треба да се инсистира на монетарна политика и тн., кои правци ќе ги детерминираат и другите економски параметри кои се одвиваат во нашата земја.

Често пати во самите дискусии на пратеници од опозицијата критички се зборуваше за она што е постигнато, во овој шестмесечен период што е

постигнато во правец на ова што е предвидено. Министерот повеќе пати повтори дека имаме реално зголемување на индустриското производство, кое дава надеж дека во натамошниот период врз база на други состојби тој процент може и да се надмине во една ваква констелација на односи во нашата држава. Ние како Парламент и како Влада во изминатиот период премногу труд вложивме во донесување на закони кои имаа соодветен политички карактер. Имавме спроведување на Рамковен договор кој мораше да се спроведе за среќа пред неколку дена, да речеме пред една недела, се донесе последниот закон од пакетот на Рамковниот договор. Меѓутоа, во натамошниот период целата Влада и Собранието севкупните напори мора да ги насочиме кон економијата, развојот, економскиот стандард, вработувањата и др. Неслучајно велам дека во овој шестмесечен период токму во тој правец бевме насочени, но во овие денови, не кој знае колку, тргнати се работите. Имено, за прв пат имаме реално намалување на невработеноста. Беше кажано дека тоа е по основ на бришење од евиденција, но и да има намалување на невработеноста во тој основ, добро е, затоа што мора да се следат состојбите во таа сфера.

Сега би кажал нешто во врска со самите приходи односно расходи кои се предвидуваат или ни се нудат во самиот ребаланс на Буџетот.

Дефакто се истакна дека приходите се зголемени во овој 6-то месечен период и затоа се прави соодветниот ребаланс, како што се приходите и по основ на ДДВ и по персоналниот данок, се разбира и приходите по основ на дивидендата во Телеком. Тука би го поставил прашањето и сум сигурен дека по основ на прибирање на приходите има можеби уште поголем простор за прибирање на приходите и да се овозможи, длабоко сум убеден дека ако приходите сите ги плаќаат, можби во оваа свера постои евазија, но од друга страна ако сите ги плаѓкаат ќе се дојде до состојба да се намалат одредени давачки од оние кои ги плаќаат. Не случајно, самите приходи кои се собрани во овој 6-то месечен период овозможија да се намалат одредени давачки, знаете по основ на царини за увоз на земјоделските производи, увоз на репломатеријали во текстилната индустрија, кои директно или индиректно на самите субјекти или претпријатија од таа дејсност им овозможуваат подинамично да го планираат својот развој односно средствата кои требало да ги плаќаат по основ на овие давачки, да ги планираат во соодветно инвестирање. Затоа во тој дел, Министерството за финансии покрај одличните резултати што ги има постигнато, во наредниот период се отвара таа можност за уште поуспешно прибирање на овие предвидени приходи кои во крајна линија го полнат буџетот на секоја земја, како и на нашата.

Второто прашање е во однос на расходниот дел односно прераспределбата на средствата кои се собрани по основ на приходите.

Сите мора да признаеме дека во расходниот дел има инудени решенија што Владата и самото Мнистерство како предлагач, Владата како предлагач на овој ребаланс на буџетот, биле ставени во некој свршен чин. Кога го зборувам тоа, го имам предвид фактот дека ние пред некој ден го донесовме Законот за изменување и дополнување на Законот на Народна банка на Македонија, каде за жал, тоа што велам изнудени решенија, дел од тие приходи кои се остварија, мора да се покриваат некои добиози и да се префрлаат сега средства од буџетот за покривање на загубата што е настаната во Народна банка на Република Македонија , дел да се покриваат општите резерви во Народна банка на Република Македонија, не мали средства што, ако истите беа пласирани, да речеме во капитални инвестиции каде сигурно ќе имаше многу позитивни ефекти по тој основ. Затоа велам тие изнудени решенија се резултат на тоа што се случило, но Владата мораше истото да го направи и овие, еве како што е загубата во Народна банка на Република Македонија, со закон така е регулирано да се покриваат еве токму со овој ребаланс на буџетот.

Добро е во тој расходен дел што и средствата предвидени со самиот буџет што го донесовме за 2005 година, капиталните инвестиции се одвиваат со темпо како што беше и предвидено. За поздравување е тука што во тој расходен дел имаме формирање на гарантен фонд, кои средства ќе се употребат за директно и индиректно помагање на претпријатијата. Можеби средствата не се во некоја поголема висина, предвидените средства од 270 милиони денари. Камо среќа да имаме средства и во висина и во тој гарантен фонд од 1 или 2 милијарди денари и со тие средства, како што претходно истакнав би се подпогнале претпријатијата. Но, состојбата е таква каква што е. Битно е во тој правец да се истакне дека токму за развојот, од страна на буџетот се определуваат соодветни средства кои ќе го најдат правото место , она за што сите се залагаме за средување на состојбите во економската свера, кои состојби сигурно не се најрозови. Но, длабоко сум убеден дека со оваа политика што се води и треба да се води дека состојбите во таа свера ќе се подпомогнат, а се разбира тука и целокупната буџетска политика која е насочена во тој правец, во блиска иднина ќе даде соодветни резултати кои во крајна линија би биле од корист на граѓани на Република Македонија. Буџетот е така конципиран, конципиран е врз база на моменталните состојби што ги имаме во Република Македонија. Распределбата или прераспределбата е направена така како што е направена, сметам дека исправно е направена, без разлика што има поднесено и многу амандмани со кои се бара соодветна релокација на средства, од еден корисник на друг. Сигурно , ако таа релокација се направи, едни ќе бидат задоволни, други нема да бидат задовони. Но како предложен ребаланс на

буџетот пратеничката група на СДСМ ќе го подржи и за него позитивно ќе се изјасни.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Арсовски.

Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Ќе се обидам да го искажам моето мислење во однос на тоа што е доставено до нас пратениците за ребаланс и остварување на буџетот на Република Македонија во првите пет месеци од 2005 година и она што треба да се случува до крајот на тековната 2005 година.

Уште кога говоревме за донесувањето на законите за буџетот, моите забелешки се движеа во правец дека тоа треба да се прави транспарентно со аналитички компаративен пристап при изготвувањето на буџетите и нивното изменување и дополнување, со цел да се избегне сувопарноста на бројките и начинот на нивното статистичко прикажување, а да се овозможи квалитетна и конструктивна расправа и да се даде квалификувана оценка за степенот на реализација на програмските активности. Сето ова до колку поминуваше во овие пет месеци низ собраниските комисии, мислам дека ќе имавме поквалитетни решенија и во овој момент ќе имавме поголема прегледност што од планираниот буџет на Министерството за финансии е реализирано, што треба да се реазира  и сигурно дека предлозите немаше да бидат дадени , како денес во една амандманска расправа во која се сомневам дека министерот ќе има можност да прифати барем дел од тие амандмани затоа што веќе тој ги испланирал финасиските средства и нивната распределба.

Според мене, ребалансот на буџетот на Република Македонија за 2005 година требаше да биде донесен пред 1. јули 2005 година, односно пред стартувањето на децентрализацијата на власта, заради неговото усогласување со потребите околу процесот на децентрализација.

Децентрализацијата за која и самите во вашето експозе говорите дека е една од  четирите столбови на кои се потпира политика на Владата на Република Македонија, во овој момент поради тие неприлагодени финансиски средства, неизвршување на префрлувањето на средствата во единиците на локалната смоуправа, се случува , наместо она што сите го очекуваа, се случува хаос. За хаосот сигурно дека и вие имате голем придонес затоа што она што го говоревме минатата година, токму во овој период, до 17 август кога се донесуваше новиот закон за централизација, дека ќе доведе до едно сериозно нарушување на темпото на она што го работеа до тогаш единиците на локална самоуправа, веќе сега се покажува дека е многу реално.

Во однос на она што го кажувате како макро-економски остварувања, показателите се покажани само како статистички податоци, но дека во стварноста Република Македонија е во длабока економска рецесија , не остварува економски раст, заостанува во регионот и не може да привлече странски инвестиции.

Од она што вие го кажувате и што е претставено тука и во експозето и во она што го имаме како остварување на буџетот, кажувате дека на економски план 2004 година, била релативно успешна година, со бурото домашен производ од 2,9 %, што во првото тромесечие и можеби првите 6 месеци се движеше некаде под нулата. Значи беше негативно, 07%, 03%, или незнам кои вредности и како се стигна до оваа бројка од 2,9%, но сигурно вие подобро од мене знаете како е тоа направено. Затоа овој бруот домашен производ кој го предвидувате за 2005 година од 3,8%, мислам дека не е она што Македонија ја носи кон тоа што сите го посакуваме. Значи ЕУ е сепак многу далеку од нас затоа што, или ќе треба на секои предизборни митинзи или предизборна програма , секоја политичка партија да внимава кога говори за бруто домашниот производ и развојот на една држава, кога беше предвиден раст секогаш над 6%, а првата година требаше да бидеме задоволни со 2,5%, па 2,9%, сега можеби на крајот од оваа година ќе бидеме задоволни и со 2,3% и со прикажани 3,8%, затоа што видовме и минатата година дека вкупното наше индустриско производство зависи од една или од две стопански гранки. Ако работи Челичарата, ние добиваме , како сега што кажувате 6% поголем индустриски раст и тука се зголемува и извозот за некои 30%, како што ни е прикажано и се се движи во некои добри рамки. Но, ако не рабори Челичаната, ние стигнавме до ситуација индустриското производство да има пад на двоцифрени бројки, некогаш до минус 38 или 40%. Тука е основниот проблем. Мислам дека Република Македонија е премногу мала за да може некој да игра со вакви бројки и да не држи во неизвесност дека сето тоа ќе се случува, како што кажувате.

Во однос на она што беше ваше експозе и во однос на она што ни беше презентирано како предлог за изменување и дополнување на Буџетот,гледам две работи кои за мене се неприфатливи, или се во коализија. Можеби јас грешам, но во секој случај сакам да полемизирам со вас во однос на остварените вкупни приходи од акцизи. Тоа е остварување на буџетот на Република Македонија , на страна 4, во првите 5 месеци од 2005 година. Остварените вкупни приходи од акцизи во периодот јануари-мај 2005 година во износ од 4.169.000.000 денари во однос на планираните во истиот период, се помали за 2,14%. Ова намалување произлегува, пред се од помалку остварените приходи по основ на навтени деривати и алкохолни пијалоци каде што намалувањето респективно изнесува 9,07 % и 14,87%.

Остварувањето по основ на тутунски преработни, во однос на планот е поголемо за 12,82%.

И пкосле денешното ваше излагање порастот на страната на извозот е резултат на зголемениот

извоз на производи од челичната индустрија, прехрамбените производи, пијалоците, нафтата и тутунот. Сега или јас не можам да разберам, имаме зголеме извоз на нафта и на алкохолни пијалици, а од друга страна ни се намалени акцизите од алкохолот и од нафтените производи. Тогаш се е во ред или ништо не е во ред. Во секој случај, ќе ни кажете како е и што е. Значи, ова е ситуација кога кажуваме дека алкохолните пијалици и нафтата , еве кажете дека нема акциза или намалена е акцизата и затоа приходите се помали.

За претходната точка, проектираните приходи во Буџетот на Република Македонија , ДДВ во 2005 година изнесуваше 25.000.000.000. Во првите пет месеци во 2005 година остварени се 10.000.000.000 , имајќи го предвид досегашниот тренд на остварување на остварување на приходите по основ на ДДВ и како и релативно повисокиот обрт извршен од страна на Управата за јавни приходи, во овој период може да се констатира дека остварувањето на ДДВ е на задоволително ниво. И токму во овој период се појавува ситуација за која цела јавност во Република Македонија се возбуди, вие сигурно сте носител на сето тоа, тука сигурно е вклучена Антикорупциската комисија, МВР и имаме даночна евазија, се јавува пирамида, пирамида од 100 милиони евра за која вие овде кажувате дека ДДВ е се во ред, дека собрани се средствата, планирани се во буџетот и дека тука се е регуларно. Сега, или пирамидата е измислена, не постои , значи луѓето што се затвораат нешто не е во ред. Бројката која на крај ќе излезе од оваа пирамида, јас мислам дека тоа е тој исти октопод само малку со зголемена глава и повторно сега се удира по краците и не знам ако остане нешто, а октоподот и натаму си расти. И сега ќе дојдеме пак до истиот и ќе имаме големи проблеми . Вие пред се и над се, можеби за ова имате објаснување, можеби овие не се ни предвидени во буџетот, но требало да бидат предвидени по некои други средства, бидејќи граѓаните си го плаќаат ДДВ и сето тоа е во ред.

Во однос на првите пет месеци, вкупно остварените приходи по основ на капитални приходи остварени се 192 милиони денари од кои најголемиот дел, односно 156 милиони денари се остварени по основ на продажба на општествени станови и како што кажавте во вашето експозе од продажба на државно градежно земјиште. Сега ќе прашам дали во овој случај продажбата на овие општествени станови се оние станови кои се градени до 2002 година, или од тогаш имате изградено некои нови општествени станови, тоа како прво и дали средствата кои се добиени од продажба на државно градежно земјиште се токму овие за кои деновиве повторно расправа Антикорупциската комисија, за Рамстор, за Народна банка и за другите ситуации кои како градежно државно земјиште вие ги примивте или не ги примивте сите овие средства. Се работи за вкупен број од 190 милиони или некаде околу 3 милиони евра кои се минимални средства, за нешто што е продадено. Во секој случај тоа е она што вие ни го презентиравте . Понатаму она што го кажувате дека во Програмата за реформа на земјоделството во потпрограмата за за преструктуирање за водостопански претпријатија има драстично намалување на средствата затоа што ако го имате значењето на тоа што се случува во Република Македонија и она што ние како Парламент го донесовме како закони и колку од сите тие ситуации имаме реализирано, мислам дека е катастрофално. Сите овие поплави, сите зголемувања на средствата што допрва ќе следат, затоа што ние уште немаме исплатено за првата поплава, во меѓувреме се случија уште две за кои допрва ќе собираме податоци и тука ќе биде големиот проблем.

Во однос на локалната самоуправа, кажав дека тие 379 милиони денари апсолутно се недоволни, дали тоа ќе гоземеме во Министерството за образование, во Министерството за култура, дали фондот ;за патишта или незнам во кој дел, мислам дека апсолутно нема да бидат доволни средствата.

Интересно беше вашето излагање во однос на странските директни инвестиции за кои на некој начин кажавте дека сте свесни не можеме да ги привлечеме. Тука имате предвидено крајно рестриктивни и нереални, безначајни средства во однос на тоа што понатаму треба да го работите, значи 2 милиони денари за подобрување на деловното опкружување. Министерството за економија тешко ќе може да покрене било каков маркетиншки потег во однос на тоа што вие го нудите. Но, во секој случај она што го кажавте за нашето опкружување, за луѓето кои во моментот вршат продажба на пакети од своите економии, од своите структури на надворешни лица, но при тоа не заборавајте дека државата добива средства. За разлика од нив ние 90% од она што беше општествен капитал до 1998 година, го продадовме а за тоа не добивме никакви средства. Останатите 10 се продадоа во останатите две или три години и средствата беа исти како за претходните 8 години.

Но, се случи овие претходно продадени фирми да бидат на менаџерски тимови, кои денес работат безработници, што значи повеќето од тие фирми се затворени и апсолутно ниту имаме повратување на данок на додадена вредност, ниту пак плати за вработените и вработените стигнаа таму каде што се денес.

Во однос на странските директни инвестиции, апсолутно ништо не ве оправдува, затоа што и кога говоревме во Законот за формирање на агенции, формирање на институции кои ќе помогнат и кои ќе сакаат да донесат ситуација во која што ние ќе одиме напред, тоа не се случи. По сите правила на сите земји кои што се во транзиција, се случувало после приватизацијата, која кај нас ја направивме катастрофална, овие странски директни инвестиции да се намалуваат. Во моментот тие се најминимални од она што може да биде минимум во однос на сите останати држави, што е многу страшно. Еве,

можеби се расфрлате советувања или незнам како да го наречам сето тоа, многу јавно и транспарентно она што го проглсивте за пропаднато, тоа е Бунарџик. Вие повторно го отворивте и на јавивте дека македонската индустрија својот процвет и својата странска директна инвестиција ќе ја доживее тука. Таква, апсолутно не видов. Најавивте инвестиции во коридорот 8, во коридорот 10, исто така ги нема никаде. Што да говорам за ЕСМ, за енергетскиот сектор каде што државата не е во можност да почне и да отвори инвестиции, без кои што за кратко време Република Македонија не ќе може. Значи, рудникот Брод - Неотино и топлотната термоелектрана Скопје, која што по сите ваши најави од Владата во 2002 година,во 2004 година требаше да работи. Таму сеуште нема ни бизнис план, а за работа мислам дека тешко ќе може некој во наредните неколку години да ја отвори и да ја пушти во работа. Значи, сето ова се темелеше на една тешка анализа, на 100 стручни соработници кои што ја работеа таа програма, која што вие ја презентиравте пред граѓаните и со која што програма стигнавте и до победата на 15 септември и ветувањата останаа ветувања.

Сега, кажувате дека, еве ние имаме ситуација во која што бројката која што вие пред малку ја кажавте и за 5000 вработени повеќе, откоку некажувате септември, туку октомври 2002 година. На 15 септември вашата Влада политичката програма која што вие ја презентиравте во однос на намалувањето на сиромаштија, во однос на вработување се темелеше токму на тие показатели. Тоа значи меѓу 150 и 200 илјади вработени во овие 4 години. Вие сега кажувате дека имате пет илјади повеќе вработени од 2002 година. Што правевте вие три години? Три години бркавте од работа и сега дојдовте во ситуација со оваа програма што е денес и ребалансот на Буџетот имате такви финансиски показатели со кој што ние како пратеници и граѓаните на Република Македонија треба да бидат задоволни дека еве работите тргнале на подобро, со тоа што вие апсолутно треба да признаете дека во тие 50 или 60 илјади луѓе за кои велите дека ќе ги вработите, сигурно дека се повеќе од 50 илјади отпишани од евиденцијата во Заводот за вработување поради не пријавување, поради тоа што еве му е понудена работа ако бил инжењер не прифатил да биде заварувач или незнам што и тука ја изгубил работата и на тој начин се вработиле 50 илјади луѓе. Господа, 50 илјади луѓе тоа се 6 пати сите вработени на ЕСМ. Дали сте свесни какви бруки тука прикажувате пред граѓаните и со тоа некој треба да застане на одговорност. Вие кажувате дека сте одговорен човек, ценам дека е така, но еве испаѓа кажавте дека корупција повеќе во Македонија нема, тоа јавно го изјавивте, а сега за жал, ја почнувате борбата против корупцијата. Кажувавте дека има 60 илјади вработувања, а сега кажувате дека се отпишани од Заводот за вработување, тоа значи дека не се вработени. Еднаш треба да застанеме и да кажеме што понатаму, Владата ќе работи. Ако во 2002 година имаше други ветувања, сега имаме други ветувања, мислам дека борбата не се води на она што навистина граѓаните очекуваат и за што ви ја дадоа довербата.

Во однос на земјоделството исто така определувањето на премиите за пченицата, тутунот, грозјето, тоа беше ваша заложба, тоа беше жолтото злато на Македонија, но од година во година од едни средства кои навистина за граѓаните можеа да обезбедат живот и едноставно просперитет и развој, сега се стигна до ситуација со тие средства не ќе можат апсолутно да обезбедат барем преживување или пак да си ги вратат парите што си ги вложиле во производството и тоа е катастрофата.

Во однос на Фондот, мислам дека господинот Оровчанец објасни многу работи, јас тука не сум апсолутно стручњак, но како пациент на фондот и како пратеник, мислам дека ситуацијата се повеќе и повеќе се влошува, со тоа што овие лекови што се на позитивните листи апсолутно никаде ги нема, но затоа во сите приватни веледрогерии ги има колку сакате и тоа со цена два пати или три пати поголема.

Последните најави, дали е клинички центар, дали е болницата во Битола или незнам каде за чекање на операција, за наредните две и три години, ако тоа се насоките по кој треба да се движиме, сметам дека апсолутно се движиме во погрешна насока и треба да застанеме и да видиме она што може да се реши ако можеме да го решиме да кажеме, а ако не, да застанеме и да му дадеме шанса на оној што знае и умее како да го направи сето тоа.

Во однос на она што секој ден ни се случува, каде што требаше да издвоите пари и што е веќе проблем за целата држава, нашите затвори станаа повеќе од хотели. Повеќе луѓе се шетаат низ затворите, влегуваат и излегуваат кога сакаат, се случуваат криминални деанија, но затворите и покрај сите укажувања на Европската Унија, дека тоа е еден многу важен дел, кој треба да го испочитуваме, ние апсолутно ништо ниту предвидовме тука средства, ниту пак понатаму ќе предвидиме што и како ќе се одвива.

Во однос на она што го кажува Министерството за образование, карактеристично за финансиските потреби во образованието за годинава се изградба на две училишта и реновирање на четири училишни објекти. Во Република Македонија која во овој момент има образовни установи каде што децата не можат да влезат во нив, изградба на две училишта и реновирање само на 4 од нив, мислам дека за мене е трајно понижувачка ситуација, затоа што тоа е една ситуација која апсолутно ништо не може да помогне. Со ова што го кажавме со децентрализацијата вашиот планиран износ од 329 милиони за сериозни зафати, мислам дека апсолутно не одговара на реалноста и дека тука

немаме ништо што би помогнало реално за да можеме да ги завршиме овие работи.

Имаше интересни ваши согледувања во однос на ова што беше како програма што Владата ќе треба да ја реализира, значи растот на потрошувачката делумно ќе се потпира на порастот на бројот на вработените во 2005 година, како и остварување на реален пораст на вкупните просечни нето плати околу 2,5%, а номиналниот раст на платите ќе изнесува околу 4%. Токму тоа го говоревме и мислам дека реалноста кажува нешто друго. Објективните бројки со ова што е раст на вработувањето, мислам дека апсолутно несоодветствува.

На крајот како ваша мала забелешка помали инфлаторни притисоци се очекуваат во втората половина од годината, како резултат на очекуваното прилагодување на цената на енергетиката и енергенсите. Ако енергенсите сега не се прилагодени на светските цени, јас не знам кога биле, затоа што со оваа цена што сега ја има нафтата и нафтените деривати, Македонија мислам дека никогаш не била во ваква ситуација и Македонските граѓани. Тоа можеби е реалност на тоа што ние утре треба тоа да го прифатиме како дел од Европската Унија, како дел од она што значи Светска трговска организација и тука можеби нема да има дилеми.

Но, што со електричната енергија? Електричната енергија сега е веќе јули 2005 година, а ние повеќе од една ипол година се занимаваме кога, дали, кои и колку ќе ја покачат. И, такви резултати сеуште немаме. Покрај сите најави дека електричната енергија не е социјална категорија, апсолутно се покажува на овој начин дека таа е социјална категорија и начинот на кој што вака се работи, се осиромашува ЕСМ и не можноста овие проекти што претходно ги кажав како инвестициони и развојни да можат да се реализираат.

Од друга страна, имате предвидено електрификација на села. Сега, не знам од која година овој буџет е препишан, дали е од 1945 година, 1948, 1981 година некогаш, не знам, но во 21 век 2005 година да кажуваме дека со електрификација на селата ќе вратиме луѓе во селата и ќе ги донесеме. Јас поеќе не знам дали таму има куќи за луѓе, сигурен сум дека нема. А, вие сега говорите за електрификација на села во кои што ќе треба Владата да инвестира.

Уште една програма, за која што ќе ве замолам, што побрзо да се реализира и да се реализира во две насоки, значи економска рехабилитација на поранешните кризни региони. Притисокот на луѓето кои живееле во тие кризни региони и кој што е составен дел на Охридскиот договор и за кој што сите ние се бориме тука и за кои што сите искажуваме желба што побрзо да биде реализиран, таа прва точка враќање на раселените лица апсолутно никој не ја гледа. Ниту ја дискутирал, ниту ја поставил како прашање, едноставно стои дека тие не сакаат да се вратат. Такви мислам дека нема и тоа е она што мора да го направите.

Главен акцент, кажувате, на реформите ќе биде даден на активностите кои се насочени кон подобрување на инвестиционата и деловната клима во економијат, за која што и самиот искажувате овде сомнеж и многу неверувате и по она што го искажавте и реалната ситуација е против вас, затоа што во ваква ситуација, каква што ја има Република Македонија, апсолутно мислам дека има малку инвеститори кои што би вложиле, освен и ова што е вложување од некаде 20 или 30 милиони евра за 200 вработувања и отворање на стокови куќи и ситуации во кои што си правиме и таму проблеми, за утре да не може некој друг да дојде.

Понатаму, либерализација и флексибилност на пазарот на трудот, каде што имате повеќе невработени од вработени и таа флексибилност и либерализација поголема не може да биде за оној што е работодавач.Значи, тука не можеме да направиме и основа на пазарот на трудот, затоа што 400 илјади невработени претставуваат товар и на економијата и комплетно трудот не се вреднува, што е повеќе од очигледно за се што се случува кај нас.

Значително подобрување на ефикасноста на судскиот систем. Во ова многу сакам да верувам, но пред некој ден тука во нашиот Парламент, мислам нема ни три-четири дена, во четвртокот или во петокот, еден претходен министер како непартиски, невладин и незнам уште што не, го поставивме во независната судска власт член на РСС. И, тука приказната завршува. Мислам сите овие ситуации или ќе ги направиме или само пишувани вака на хартија многу убаво изгледаат и кога некој ги чита од страна, а незнае што се случува, за него испаѓа дека се движиме во некој правец кој што ќе не донесе некаде каде што сигурно сме блиску до Европската Унија. Но, верувајте ми, дека тие можеби и подобро од нас знаат за она што викате дека некој има информации, некој нема, сигурно дека знаат што и како.

Во однос на ова што го кажавте дека задоцнетата уплата од планираниот приход од дивидентата на Македонски телекомуникации, тоа се реализира во почетокот на јули во значително поголем износ. Што тоа треба да значи, дали е тоа направено на сметка на грѓаните со покачувањето на телефонските сметки или пак вие издејствувавте нешто некој да ви даде повеќе од она што може да биде. Овие 192 милиони денари од кои што имате запишано во извештајот што е пред нас дека 156 милиони се од продажба на општествени станови. Јас уште еднаш ќе ве запрашам дали од 2002 година имате направени нови општествени станови и дали дел од нив се продадени и влегуваат во овие 156 милиони и дали тука во оваа продажба на државно градежно земјиште се сите овие земјишта за кои што во моментов се водат судски спорови. Дали ги има тие или апсолутно таква работа не постои. За мене, е добро она што го донесовте во

Законот каде што се кажува дека за извршувањето на буџетот сега се обврзани да реализираат 30% од планираните капитални расходи во првата половина од годината и според вашите информации дека тоа е направено со 45% од тоа што било предвидено. Мислам дека токму тоа е доброто, затоа што два буџети претходно се сменија и две влади, заради тоа што не што немало пари, туку поради тоа што не знаеле да ги потрошат или не сакале да ги потрошат, останале нереализирани и на цела сиромаштија и на цели немања на странски директни инвестиции ние сигнавме во ситуации и тие пари што ги имаме да не ги вложиме во нашето и така скудно стопанство и да не направиме апсолутно ништо со нив. Мислам дека тоа е она што се моите главни забелешки во однос на планираниот дефицит и отплатата на обврските по основ на главнина, ќе се финансираат покрај од домашни извори, приходи од приватизација и приходи од континуирана емисија на државни хартии од вредност, ова второто мислам дека може да функционира. Првото, приходи од приватизација, Агенција за приватизација нема, мислам дека треба да го донесеме тој закон кој што закочи се, каде што она што е дражавен имот да го префлиме или во Министерството за економија или во Министерството за финансии, а мислам дека остана многу малку. Затоа што, она што се продаваше, се продаваше со 90% попуст и тоа го изгласавме тука ние како пратеници, така што тие средства се минимални и многу малку ќе можат да помогнат во Буџетот.

На крајот, би сакал, еве уште една поддршка на ова што значи буџет на ова што значи работа понатаму. Овие се сите проблеми кои што треба да се решаваат и мислам дека Буџетот е тој како што кажувате кој не може да се тегне, но, треба да се најде начин овие донации ако некој инсистира некаде да се стигне и да се задоволат некои европски критериуми, битно е да се добијат тие донации, да се добијат тие средства или кредити на крајот на краиштата, за да можеме да фатиме чекор за она што не очекува, ако не очекува.

Инаку, уште една еве сугестија да кажеме или изаложба што побрзо да се донесе еден закон за донаторство. Тука воопшто не ја спомнав ни Агенцијата за спорт и култура, каде што ќе мораме да најдеме начин и како држава, дел од давачките, дали е тоа ДДВ, дали ќе биде данок на добивка или незнам кој данок, да бидат ослободени и да можат да учествуваат, затоа што и културата и спортот на овој начин како што сега државата функционира, мислам се сведени на некои гранки не на опстојување, туку на изумирање, поблиску до изумирање, отколку опстојување.

Затоа, господине министре, моите забелешки ги слушнавте. Јас останувам на ова дека се овие средства како што се вака предвидени многу малку ќе можете да интервенирате и да промените од она што е глобална политика. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Средствата од продажба на општествени станови не се од новоизградени станови, туку се од становите кои биле изградени тогаш кога се граделе општествени станови и кои како што знаете се продаваа на граѓаните под услови 50% во готово, а 50% други на рати, мислам дека е на 40 години, не ми замерувајте ако не е 40 години месечни рати. Тоа значи дека приходот од оние кои ги отплаќаат становите на 40 години кои не ги откупиле одеднаш уште долго време во Буџетот ќе биде една од ставките на приходна страна.

Кај градежното земјиште се од редовните приходи на државата кои ги остварува од продажба на државното градежно земјиште по разни основи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Јашари Аднан.

Повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине потпретседател, почитуван министер, почитувани колеги.

Со донесувањето на Буџетот во декември 2004 година, беше предвидена и макроекономската рамка за развојот на стопанството во земјата. Во согласност со тоа што е презентирано во образложението на овој Предлог, но и од тоа што се кажа од министерот за финансии јасно се гледа дека макроекономската рамка се остварува во насока на тоа што е проектирано.

Во оваа насока во овој период од јануари 2005 година имаме позитивни трендови во неколку области како во индустријата, трговијата, земјоделството, финансиската област додека како резултат на овие трендови се очекува остварување и пораст на бруто домашниот производ.

Овие позитивни треднови, без сомение дека влиаеле позитивно во порастот на извозот на стоки во износ многу поголем од увозот, факт што има предизвикано намалување на дефицитот во прометот внатре во земјата.

Остварувањето на овие проекти во разни сектори од стопанството имаше влијание и во насока на намалување на бројот на невработени, факт кој говори и дава надеж дека овој број до крајот на годината ќе оди во натамошно намалување.

Во изминатиот период јануари-јули Буџетот е остварен на утврдено ниво како од аспект на остварување на приходите така и од аспект на остварување на расходите.

Кај приходите поголемо остварување имаме кај категоријата даночни приходи, приходи кои во периодот јануари-јули се оствариле во висина од

41% додека неданочните приходи се остварени во висина од 32%. Од даночните приходи поголемо остварување и реализирање имаме кај данокот од добивка и тоа во висина од 42% иако не се за потценување и приходите остварени од други даночни облици како ДДВ, данокот на лични приходи, акцизи, царини и т.н.

Од неданочните приходи како што се кажа претходно поголемо остварување имаме врз основа на продажбата на становите во општествена сопственост. Од аспект на остварувањето на расходите во овој период имаме остварување во висина од 39% од тоа што беше планирано со Буџетот за 2005 година во оваа насока поголемо остварување на расходите имаме во расходите кај капиталните инвестиции што е резултат на новиние предвидени со Законот за остварување на Буџетот донесен во декември 2004 година.

Расходите за плати се остварени во висина од 41% во однос на тоа што беше планирано во Буџетот за 2005 година. Ова остварување, сакам да нагласам, опфаќа не само процес на декомпресија на плати, туку и процес на остварување на правичната и соодветна застапеност на припадниците на етничките заедници.

Остварувањето на приходите и расходите има предизвикано намалување на нивото на буџетскиот дефицит во однос на тоа што беше планирано.

Поради тоа во ребалансот се предлага овој дефицит да биде во висина од 0,6% од бруто домашниот производ кој е планиран.

Буџетскито дефицит предвиден со овој предлог, покрај домашните ќе се финансира и од странски извори кои ќе се обезбедат од средства обезбедени преку разни ангажмани поврзани со Светската банка, Европската банка за развој и реконструкција, како и други извори од кои за прв пат ќе се направат залагања преку издавање на еврооблигации да се обезбеди надворешен капитал.

Преку издавањето на овие обврзници се дава можност многу домашни субејкти да бидат присутни во меѓународниот капитал на пазарот.

Почитувани колеги, преку овој Предлог се предвидува зголемвуање на приходите и тоа како на даночните така и неданочните приходи.

Од даночните приходи посебно се предвидува пораст на ДДВ во однос на тоа што беше планирано во Буџетот за 2005 година. Како резултат на плаќањето на дивидендата од АД "Македонски телекомуникации" ќе имаме пораст и на неданочните приходи. Но, и покрај тоа паралелно со зголемвуањето на овие приходи ќе имаме пораст и на расходите. Во споредба со тоа беше планирано еден таков пораст е резултат наизмените на неколку закони, како што е Законот за платите на именувани и избрани лица, додека во оваа насока, во порастот на овие расходи, влијае и потребата за обезбедување на средства за покривање на загубите на Народната банка, како и целите на Владата за формирање на еден посебен фонд наречен Гарантен фонд преку кој ќе се стимулира развојот на субјектите на малите и средни претпријатија.

Евидентен пораст на расходите мислам дека е добро да имаме и кај капиталните расходи иако со овој предлог се предвидува пораст во овој сегмент.

Во оваа насока сакам да нагласам дека овие капитални расходи или капитални инвестиции во иднина ќе бидат наменети за инвестиции во одредени области како во инфраструктурата, образованието и во други области.

Иако во согласност со тоа што е презентирано во овој Предлог би било добро во неколку области да се децентрализира, како што е областа на образованието и висината на овие средства да биде малку повисока.

Имајќи ги во предвид реформите отпочнати и тие што се планирани да отпочнат, а од друга страна процесот на пренесување на недвижностите од централно на локалнониво кое се препознава како процес на децентрализација. Потребни се одредени финансиски средства за остварување кои се предвидени со овој предлог и токму ова е една од причините и факт дека ова ме наведува да го подржам и да гласам за овој предлог. Ви благодарам на вниманието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете господине Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине потпретседател, почитуван господине министер, почитувани други претставници на Владата на Република Македонија, почитувани дами и господа пратеници.

Ми се чини дека нема да има друг ребаланс догодина, тоа ќе биде изборна година, неизвесно е како ќе се одвиваат буџетските проекции, меѓутоа, трета година по ред ние правиме измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија таканаречен ребаланс и притоа ќе тргнам со ставот на Владата кој иницираше неопходност од консултација на пратениците во Парламентот во целина и неговите комисии во процесот на подготвување како на Буџетот на Република Македонија 2004 година кој беше донесен во декември така и на овој Предлог за измени и дополнувања на Буџетот кој го носиме кон крајот на јули која партиципација на пратеничкиот состав како врв на парламентарната демократија во Република Македонија треба да ја потенцира односно да и даде оправдување на системската одговорност на Владата во трошењето на јавните средства.

Мојата констатација е дека повторно бевме затечени во минута до дванаесет беа дадени предлозите за измени и дополнување исклучиво преку комисиите за кои ние се произнесовме така како што се произнесовме.

На ваков начин Министерството за финансии на Владата на Република Македонија исклучувајќи

го повторно Парламентот од навремено запознавање со тековите на она што претставува финансиски резултати, но и во делот на економската, социјалната и политичката димензија на Буџетот самото си ја сече гранката на која седи, а тоа е Парламентот и фактички оневозможува поддршка и од оние структури во Парламентот кои, она што е реално, се вели во народот криво седи, право збори, мора да се признае и мора да се даде признание за добрите и перспективни резултати или добрите предлози.

Во основа Буџетот е финансиска основа за потрошувачка на државата таканаречена јавна потрошувачка и во овој дел измените и дополнувањата на Буџетот имаат за цел да ја образложат, пред се, пак ќе кажам, трет пат од оваа говорница при моето дискутирање за ребалансот, финансиската димензија за која уште еднаш ќе кажам јас како пратеник во Собранието на Република Македонија немам никакви забелешки во делот на точноста, навременоста, систематичноста и професионалноста во собирањето на приходите и исполнување на основната димензија на Министерството за финансии во Владата, како и во покривањето на расходите на територијата на Република Македонија што е само едно од димензиите на буџетската политика во Република Македонија, а тоа е финансиската димензија.

Меѓутоа, она што отсуствува и со оваа измена и дополнување на Буџетот е пред се дискрапанцата со проектот на Владата на Република Македонија промовиран преку премиерот Бучковски неколку месеци понапред во кој, барем јас ќе се обидам во неколку наврати да полемизирам со ставовите за брза пропулзија на економските текови во Република Македонија, брз стопански развој, инвестиции, стимулирање на јавната потрошувачка, а со овие измени и дополнувања на Буџетот таа економска,социјална,а би рекол и политичка димензија на Буџетот повторно изостанува и се сведува на бранење на веќе добро познатите тези за концептот на макроекономската политика затоа така почнува образложението и на министерот за финансии со резултатите на макроекономски план.

Во таа насока мора да се каже дека буџетската политика зафаќа само еден дел од потрошувачката, покрај личната која ја имаме сите ние и инвестиционата која, за жал во Република Македонија со години наназад, 15 години отсуствува во голем обем.

Јавната потрошувачка е само дел од макроекономската рамка, меѓутоа, буџетската политика има огромна улога во севкупната макроекономска политика заедно со монетарната политика затоа што во услови на еден исклучиво монетарен концепт кој одржува фиксен курс на денарот во услови кога САД го депресираа својот долар две години наназад кога Европската унија заради проблемите со уставното неизгласување имаше проблеми со одржување на стабилноста на еврото, Република Македонија докажува дека е еден уникатен пример во светот каде ништо не може да ја поремети ниту турбуленциите на светските берзи на цените на металите, ниту турбуленциите на цените на нафтата, ниту пак она што се случува во опкружувањето како односот долар-евро или каков е нашиот однос кон надворешниот долг изразен во долари и можноста да се намали преку еврото, туку едноставно како Република Македонија со која продуктивност, светска продуктивност, рентабилност и економичност го држи стабилниот курс на денарот во услови кога технолошки назадуваме некаде од средината на 80-тите години земајќи репер во нашите најголеми капацитети да речеме хемиската индустрија "Охис", "Алкалоид", Фармацевтската индустрија и ред други капацитети каде иновациите и технолошкиот развој се битни за Република Македонија и кои дефакто со својата продуктивност, рентабилност, економичност го диктираат и односот помеѓу стоковните и паричните фондови за тоа што ценовната вредност која се изразува преку инфлацијата, вредноста помеѓу паричните и стокови фондови ја одразува стабилноста на македонската економија.

Во нашиот случај тој концепт на макроекономска стабилност исклучиво промовира преку фиксен курс на денарот во брза приватизација која заврши како што заврши според она што го направивме тука повторно несреќно во Парламентот ги укинавме Агенцијата за приватизација тогаш кога најмногу ни е потребна и на крај она што значи ограничување на платите на вработентие во еден сектор како таргет кој не смее да го дозволи приватната потрошувачка, барем според министерот за финансии да надмине пораст од 1,5% за оваа година.

Таквиот економетриски модел кој 11-та година се брани во Собранието на Република Македонија независно од кој министер ми личи на теоријата на Лаферовата крива која се обидува на најоптимална даночна стапка која ќе ги стимулира економските субјекти за стопанска активност, а од друга страна ќе го пополни Буџетот на Република Македонија оптимално. Таква оптимална точка на Лаферовата крива до сега никој не ја нашол, па ниту ние, во Република Македонија нема да ја најдеме затоа што ќе се покажат со избегнувањето на плаќањето на даноците во Република Македонија пред се на градежните стопански субјекти, потоа во делот на оние кои работат во други дејности текстилната индустрија каде има огромна експлоатација на живиот труд и низок пораст на капиталот како Република Македонија полека, но сигурно ја еродира вредноста на својот реален капитал.

Оттука овој модел на економетриски модел на фиксен курс, низок буџетски дефицит и ограничување на приватната потрошувачка, покрај оние што ги имаме оние ограничувања на јавната потрошувачка со она што го предлагаме тука и покрај ниската инвестициона потрошувачка ја детерминира стапката на пораст на Република

Македонија која сакале или не да признаеме од година во година се движи во насока Република Македонија да дојде во една ситуација во земјите од кои бевме далеку напред, а тоа се Албанија, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, полека, но сигурно се упросечуваме, а Албанија веќе читаме по проекциите на ММФ ќе има стапка проктирана 6,5%,на Србија и Црна Гора и се дава 4,5% до 5% исто така и Босна, тоа не води во една друга буџетска политика, во една димензија Република Македонија да стане дел од поранешните југословенски простори и како ќе заврши таа политички тоа не е работа на Буџетот, ќе видиме, меѓутоа, во секој случај колку што ни е долга чергата толку ќе си ги протегнеме нозете. Чергата ни е многу куса и затоа не можеме да обезбедиме развој во делот на буџетската потрошувачка.

Од тие причини ќе спомнам она што министерот за финансии со должна почит го искажа како достигнување, ќе се обидам да ја оповргнам таа теза со резултати кои тој не ги истакна на кој начин се постигнати тие позитивни искажувања. Значи, стопански раст во 2003 година 3,2% и стопански раст во 2004 година 2,9%, да се потсетиме беше проектиран 4% стопански раст. Штом не можеме да го оствариме и тој низок стопански раст од 4% нешто не е добро со нашата макроекономска проекција на стопанскиот раст, нештоне е добро со таргетите и ние сигурно доаѓаме во ситуација каде заради исклучителното дејствие само на монетарните агрегати, само преку агрегатите на монетарната политика, контрола на паричната маса дури оди нашата економија во фаза на дефлација. Не само што немаме инфлација, туку кај нас денарот е појак од она што е толку преценет што е појак од реалната вредност на стоковните фондови. Кому му оди во прилог? Му оди во прилог на ова што ќе го говорам сега.

Значи, една таква инфлација од 0% при позната продуктивност, рентабилност и економичност при огромни внатрешни загуви во Република Македонија од над милијарда евра се проценуваат долговите помеѓу стопанските субјекти во Република Македонија, еве сега, незнам од кои причини се искажа загуба од Народната банка на Република Македонија што значи дека државата ни е банкрот затоа што загуба не смее да се искаже во Народната банка, таа мора да биде покриена и има начин како да биде покриена и на таков начин доаѓаме во ситуација дека резултатите во стопанскиот раст, резултатите во однос на она што сакаме да го оправдаме тука како успех исклучиво се потпира со ново надворешно задолжување.

Сега ќе ви кажам зошто е тоа така. Надворешниот долг на Република Македонија 1993 година по билансирањето на надворешниот долг изнесуваше 1, 1милијарда долари, 1998 година изнесуваше 1.398.000.000 американски долари, 2002 година 1.548.000.000 американски долари, 2003 година 1.770.000.000 американски долари и 2004 година 1.920.000.000 американски долари.

Сега, колку ние сме успеале за овие 12 години да постигнеме раст, а притоа да не ја достигнеме прво нивото на бруто општествениот производ по пер капита во Република Македонија, 2003 година беше 2.136 американски долари по глава на жител во Република Македонија. Значи, ние сме уште во фаза да се бориме да се вратиме околу 90-та година , а притоа сме ја задолжиле земјата со 800 милијони американски долари надворешен долг. Ако сме тргнале со милијарда и сто 1993 година, сега сме милијарда и пет или дваесет, сега се манипулира со вредноста на еврото, така барем се податоците кои ги извади од званични сајтови Министерството за финансии и Статистика.

Притоа, покрај тоа што надворешниот долг го зголемуваме перманентно и со тоа ја одржуваме солвентноста на македонската економија и обезбедуваме навремено плаќање на кредитите и остатоци од главницата, оваа година таа изнесува 1 милијарда 253 милиони камати по надворешен долг и 2 милијарди 542 милиони денари отплата на главнината, или вкупно 4 милијарди и 295 милиони денари, цирка околу 70 милиони евра, ние оваа година ќе имаме одлив на капитал по основ на плаќање на отплати на главницата по странски кредити, дали према приватни доверители, дали према држави, дали према лондонскиот и парискиот клуб, не е битно, битно е дека тоа е огромен одлив на капитал, а во првите шест месеци едвај странски инвестиции по основ на СДИ едвај имаме 35 милиони американски долари.

Тоа значи дека ние и понатаму со овој економетриски модел ќе си тапкаме во место, ќе се задолжуваме и понатаму и ќе ги задолжуваме идните генерации, ќе одиме со дефицит кој што е необјасниво, како при таков силен денар, при толку моќна продуктивност и рентабилност, ние не можеме да го извеземе македонскиот производ и притоа, правиме дефицити 2003 година 960 милиони долари, 2004 година 1 милијарда и 200 милиони долари, ги правиме тие дефицити, а притоа, денарот ни е многу јак и економијата ни е многу силна. Затоа што ако ние имаме толку силенд денар, непроменливо константен, силен толку години, ние би требало да имаме и извонредни извозни резултати. Значи имаме продуктивност, имаме рентабилност, меѓутоа, не е така. Не е така затоа што се одржува курсот на денарот вештачки. Не може да биде толку јак, сега повторно ќе кажам кога едни САД заради кризата во Ирак го депресираа својот долар едно време во вредност од некаде 47 денари, сега полека почнува да се качува 51 денар за 1 американски долар. Но во секој случај, факт е дека ние треба да ја согледаме би рекол, безизлезноста на таа политика на фиксен курс на денарот, без никакви поместувања, во однос на тоа што значи реално вреднување на македонскиот капитал, мислам капитал и на

трудот и на основните средства и на она што претставува капитал во банките.

Притоа, не само што дефицитот ни е толку негативен, толку голем, туку и билансот на тековната сметка во билансот на плаќање ни е негативен. Значи ние имаме поголем одлив на капитал, отколку што примаме кредити нови плус дознаки од странство од нашите иселеници што работат, независно од кој дел од Македонија, плус сето што го имаме како девизен прилив, значи ние понатаму секоја година билансот на тековната сметка на плаќање ни е негативен. За да можеме ние да ја одржиме на долг рок фискалната одржливост, стабилен курс на денарот, ограничувањето на платите, ние бидејќи немаме странски инвестиции. Кај нас странска инвестиција е простете една лимена конзерва во центарот на градот, не е странска дирекна инвестиција. Странска дирекна инвестиција ако "Алкалоид" влезе со милијарда евра "Циба Гајге" или сега нова "Артис" и притоа, обезбеди најмалку за 60 илјади нови вработувања во делот на афионовото производство, екстракција на морфиум, нови лекови, кафетино продукција, освојување на странските пазари тоа е странска дирекна инвестиција по урнекот на "Лек". Значи "Лек" се продава по милијарда и 100 евра на "Нове Артис", "Алкалоид" не е ништо послаб од "Лек" и по кондиција и по менаџмент, она што претставува присуство на пазарот од поранешните југословенски републики, колку мене ми е познато, за надвор не знам.

Значи, три репери се многу битни за овие, од мој агол гледање, резултатите позитивни. Тоа се надворешниот долг кој што постојано расте секоја година. Еве оваа година забележете само од 2003 година до 2004 сме го зголемиле долгот за 140 милиони долари. Надворешниот долг е зголемен само за една година. Дефицитот ќе видиме колку ќе биде, но се надеваме дека повторно нема да ја помине бројката 1 милијарда долари, а билансот на тековната сметка, во билансот на плаќање ви гарантирам уште од сега и би сакал некој да ме демантира, ќе биде негативен. Значи ќе имаме поголем одлив на капитал, отколку што ќе имаме прилив на капитал во Република Македонија во нето биланст.

Сега ако имаме такви економски показатели во кои што на идните генерации веќе се доближуваме, како што беше бројката 700 илјади денари психолошка бариера на невработени, 400 илјади невработени лица, ние ќе стигнеме долг на Македонија во странство 2 милијарди американски долари, во услови кога имавме ретка можност да си го намалиме долгот, кога курсот на еврото према доларот овозможуваше Република Македонија со добра буџетска политика да си овозможи конверзија на долгот да го намали својот долг, а не да го зголеми, во услови кога ние имаме висок обем на надворешна трговска размена над 51%, ние разменуваме стоки и услуги со Европската унија. Ние и тоа не успеавме, туку напротив, дури искажавме загуба и во Централната емисиона банка. Чудно е како тоа се случи во 2004 година, како тоа не било во 2003 година, или 2002 година, затоа што исти се параметрите, се работи за ист сегмент на односи во Централната банка кон комерцијалните банки.

Значи, ако така гледаме овој модел не носи успех за Република Македонија. Не носи успех затоа што стапката на невработеност за која што велиме дека ја намалуваме со борба на министерот за труд и социјална политика, кој ги брише од тефтерот тие што се таму регистрирани, да речеме или евидентирани погрешно, што е во ред, така треба, никој не треба да зема социјална помош, бидејќи нашиот Буџет е во голем дел социјален и да ги ускратува парите кои што одат на товар за развој на Република Македонија, но факт е дека тоа не е продуктивна политика на вработување и не може политика на вработување да биде во ставката Б1, владини програми 380 милиони денари, 6,2 милиони евра. Тоа не е политика на вработување, кога имаме ставка на вработување и нека е тоа да речеме успех што го признавам дека е така, дека се намалува ставката на вработување и дека ние имаме 374 илјади невработени лица во Македонија. Тоа е огромен процент, почитувани дами и господа пратеници. Една страшна бројка за македонското работоспособно активно население што по некои изнесува 800 илјади а по некои 850 илјади бројка на активно способни и работни граѓани. Прашање е како ние таа бројка ќе ја намалиме. Со 6,2 милиона евра? Ние тоа не можеме да го направиме. Со инвестиција под 100 милиони евра секоја година? Ние не можеме да ја намалиме, а притоа, имаме одлив на капитал минимум 70, 75,80 како иде траншата недостасуваат милиони евра во старт. Ние не можеме да ја намалиме таа невработеност, а велиме имаме успех. Имаме по извештајот на ЈНДП уште 2003 година, извештај број 1, социјала во рамка на сиромаштија над 500 илјади граѓани во Република Македонија. Значи ние имаме сега невработени, социјала 500 илјади граѓани, кои што живеат под нормалниот просек во Република Македонија, кој што е многу низок просек, имаме надворешен долг кој што стига до 1 милијарда и 900 илјади, имаме дефицит над милијарда долари и имаме негативен биланс на тековната сметка на плаќање. Што е успехот? Имаме инфлација нула. Ама ние заборавме дека инфлацијата е средство, а не цел. Што ќе ни помогне нам кога инфлацијата е нула. Што помага на тие што точат бензин сега за време на жетвата кога бензинот дојде, или нафтата се качи за 300% нагоре. Беше 14 долари на почетокот на 1999 година по барел, сега е да речеме 55 долари по барел. Што им помага на тие луѓе инфлацијата нула кога мора да стават нафта поскапа три пати од тоа што купувале 1999 година и притоа зависи жетвата и притоа зависи есенската сеидба и притоа зависи од она што се случува во тој сектор на зголемени даноци, за кои

што ќе зборувам сега, за репро материјали, за семенски материјали, за ветеринарни услуги и сл.

Значи ние, тргнувајќи од тој макроекономски концепт колку и да сакам да дадам оправданост на добрите резултати за кои што говорам. Еве инфлацијата се држи под контрола, имаме пораст од 2,9, меѓутоа не можам да прифатам дека ние имаме помал пораст од некои соседни држави, кои што далеку се зад нас по продуктивноста и економичноста и имаме ситуација каде што ние не овозможуваме ниту проста репродукција на македонскиот капитал. Ние ако ги гледаме загубите во македонската економија, тие беа пет пати, сега се нешто намалени со чистење на билансот на големите загубари, кои се сигурно три пати поголеми од добивките во Република Македонија. Тоа е во супстанца загуба. Темелите се подјадуваат на македонската економија. Колку се добивките да ги споредиме со загубите и внатрешните дубиози во банкарскиот систем, сметам низ фрмални побарувања, над 30% од банкарскиот капитал во Република Македонија сомнителни и спорни побарувања, над милијарда евра се ценат внатрешните долгови на стопанските субјекти. Прашање е колку ние можеме да обезбедиме проширена репродукција при такво ниво на странски директни инвестиции, какво ниво на приватна потрошувачка, а сега и преку Буџетот ни е единствениот начин каде што можеме како држава нешто да направиме, да го стимулираме, ние го кусиме и тој единствен момент на развој кој што ни е даден како право, затоа што ако Европската унија издвојува 20% за развој на своите активности во децентрализираните општини во Европа, околу центарот во Гронал и 36% за земјоделство, Македонија докажува сосема спротивно дека ние нема така да издвојуваме, ние сме автархија, ние сме посебен систем, ние не ги слушаме, ние сме против државен интервенционизам, такво е нашето гесло, ние си ги почитуваме концептите на ММФ и Светската банка што е во ред, но за тоа и тие треба да сносат одговорност. Зашто како ќе оправда Светската банка седум аранжмани ММФ во Македонија и ЕСФ аранжманите и притоа да направиме толку затворање на претпријатијата, да отпуштиме над 200 илјади вработени, да не оствариме ставка на раст, да се задолжиме, а моделот им бил успешен. Мислам и тие носат одговорност, и тие се луѓе. И тие гледаат дека тој геометриски модел не поминува овде во Македонија, заради откажани структурни, трошковни, да речеме проблеми во нашата македонска економија од поранешниот федерален систем. Факт е дека нема резултати. Ние ја задолжуваме земјата, клучниот момент на буџетската политика. Ние правиме билансиран буџетски дефицит, лани скусивме 500 милиони денари, можевме да ги потрошиме во Буџетот имавме право, ги скусивме со дефицитот. Со тоа покажавме дека имаме смален буџетски дефицит. Оваа година кусиме милијарда денари проектирани со 0,9, покажуваме сега успех што ќе покажеме 0,6% буџетски дефицит од она што претставува бруто општествен производ во Република Македонија. Кому тоа му користи? Ако му користи на министерот за финансии, јас прв ќе го поддржам за подобар рејтинг на Миниастерството за финансии, за подобар рејтинг на Владата и на Македонија во ММФ. Кому му користи тоа во Македонија реално, што ние се откажуваме од можноста преку приливите што беа таму наведени за финансирање на буџетскиот дефицит, се откажуваме од можноста преку да речеме депозити, продавање на обврзници што ги има Македонија за нејзиниот долг таму, да си ги покриеме да речеме наместо 6 милиони евра, да обезбедиме 20 милиони евра за вработување. Место 4 милиони евра за развој на мали и средни претпријатија, 15 милиони евра. Место 6,5 милиони евра за децентрализација, 10 милиони евра и притоа, повторно да ги содржиме во рамките на тие 2,7 милиони денари буџетски дефицит што претставува добри 45 милиони евра, за на некој начин да кажеме инфлаторно помагање на македонската економија, на македонскиот реален развој.

Од тука тргнувам дека концептот за смалувањето на буџетскиот дефицит, како цел, никому не користи. Што со тоа ако ние го намалиме од 0,9, на 0,6. Кому тоа му користи? САД има буџетски дефицит оваа година 5%. Во последните две години имаат две милијарди долари за воени цели. 10 илјади километри далеку се грижат за интересите на Америка и на светот. Ние за македонските интереси не сакаме 0,3% да ги потрошиме во три ставки: децентрализација, поттикнување на вработувањето и развој на мали и средни претпријатија. Го скратуваме буџетскиот дефицит. Јас лично не можам да ја разберам таа финансиска димензија. Точно е тоа дека буџетскиот дефицит е лоша работа, ама ако секаде во светот има буџетски дефицит, ако тоа го прави и Америка, ако го прави Франција кога и треба да се задржи 10 милијарди евра се задолжи Францускатa влада за да си обезбеди нормален развој на француската економија. Сега тоа господа пратеници, мораме ние тоа да го почитуваме. Ние не можеме да бидеме некоја автархија, ќе го стегаме каишот, додека не пукне и последната дупка на каишот, затоа што навистина, Македонија не оди напред. Ние можеме да кажуваме 300 апологии тука. И во ред е политичката апологија. Како што е во ред и мојот став на гледање. Меѓутоа, факт е дека бројките се неумоливи. Не можеме ние да кажеме имаме успех, кога нон стоп се задолжуваме секоја година по 100 милиони долари одиме во нов надворешен долг. Каков е тој успех? Значи ништо не проработило. Ништо не сме постигнале. Ништо не сме создале нова вредност. А и како ќе создадеме нова вредност, кога новата вредност се создава од нови вработувања. Само живиот труд е тој кој што создава нова вредност. А тој жив труд отсуствува од македонската економија. Го вработуваме. Колку луѓе ќе се вработат со овие 380 милиони

денари. Колку е по едно работно место во Македонија. Порано велеа дека е 12 илјади 1999 година. Сега можеби е нешто поскапо. Колку е цената по едно работно место во Република Македонија? Колку луѓе ние ќе вработиме со овие 380 милиони денари? Многу е важно какви ефекти ние ќе имаме. Зашто на крајот на краиштата, па и оваа Влада во интерес и е да вработи 30 илјади невработени, затоа што ќе има симпатизери, политички 30 илјади и нивните семејства по 4, 120 илјади гласачи кои што ќе гласаат, затоа што ги вработила таа Влада, а притоа да не ги нарушат основните реперни рамки на македонската политика. Меѓутоа, вработувањето е благодет. Тогаш се гради црква за тој човек што си го вработил. Му се овозможува да заснова семејство да стане реална содржина на македонскиот економски и политички живот. Не само билка фикус кој што набљудува што се случува, а нема никакви приходи за живот.

Оттука, сметам дека во тој поглед најголемо промашување ние имаме во даночната политика. Ние многу пати тука зборуваме за ДДВ. Треба да се запрашаме што правевме пред ДДВ. Пред да биде воведено на 1.01.2000 година. Како ние ја издржувавме македонската економија без ДДВ. Имавме данок на промет во кумулативни да речеме, пресметки и јас сум секогаш оптимист кога Македонија е во прашање како држава, како вредносен систем. Дека Македонија ќе опстане, дека може да опстане, дека не е важно колкав е долгот, ќе опстане. Меѓутоа, многу е важно да не кажуваме тука работи кои што мислам дека не можат да бидат оправдани пред граѓаните. Ние од една страна велиме дека ДДВ добро функционира, а од друга страна во печатот излегуваме со афери дека со ДДВ имаме стршни малверзации при прикривањето на ДДВ. Како може добро да функционира приливот на ДДВ кога од друга страна имаме страшни малверзации при наплатувањето на ДДВ. А тоа е затоа што имаме огромни ставки. Затоа е избегнување на плаќање на ДДВ. Јас ќе ви кажам незамисливо е во земјоделието да ги зголемиме сите ставки од 5 на 18% и за семиња и за репроматеријали и за ѓубре и за ветеринарна услуга и за најлон, се се плаќа 18%. Земјоделецот тоа не може да го издржи. Нема таков капацитет. Тоа што не може да го врати, тие не се правни лица. Тие се физички лица. Еден земјоделец од Струмица купува најлон од некоја фирма во Скопје и тој не може да го поврати ДДВ. Него во старт го чини 19% поскап тој производ, плус и семето му е 19% и ѓубрето му е 19% и ветеринарната услуга за кравата му е 19%. Е сега простете, односно 18%. Како тој човек ќе издржи со тие 18%? Затоа има евазија на ДДВ. Или текстилните фабрики. Тие имаат личен доход, ама тој е за преживување по шест, седум илјади денари им даваат на вработените во текстилните фабрики. Лонг работат, шијат одела за 10 долари, за да ја стигнат конкуренцијата од Тајван, Кина, големите азиски тигри. 10 долари едно одело шијат "Герас Цунев", "Тетекс", се борат, мака мачат да преживеат тие 600 во Струмица и не знам таму 3000 во Тетово вработени од кои што зависи социјалниот одржлив развој во Тетово и во Струмица. Сега, како тој човек нема да избегне, односно ќе се бори тој да плати данок, ама лимитите се тука. Немаме дијагонална кумулативна клаузула, се бориме да ја воведеме со Европската унија, не сме ја вовеле до сега. Тоа што го има Србија пред 10 години, сега е деценија за нас во економскиот раст и политичка деценија меѓу нас и Европската унија. А тие имаат дијагонална клаузула, односно кумулативна клаузула во врска со односот на српските текстилци. Тоа ние го немаме. Ние сега се убедуваме да ја воведеме. Затоа настанува даночната евазија. Ние мораме да воведеме ставки кои што се реални. Земјоделецот во Македонија кој што еднаш прави обрт на својот капитал, не може да плати даночна стапка од 18%. Под итно тоа мора да се смени. И ве убедувам дека ќе има поголем прилив на даноци во државната каса и поголема би рекол систематичност во собирањето на буџетските приходи во Република Македонија.

Или да речеме за спортот. Каде го има тоа ако сакате како донатор за македонската репрезентација во шах, која што е осма во светот од 140 земји, да одите, ќе треба да платите 15% персоналец. Тоа каде го има? Вие давате на луѓето да играат таму шах, или да играат некој спорт со кој ќе ја промовираат Македонија како најголема амбасада на цел свет е спортот. Еве гледате што прават Англичаните со нивниот фудбал, Шпанците со нивниот ракомет, Германците со хокејот или не знам кој, ИМБ лигата. Ние на луѓето што сакаат да го помагаат спортот им земаме 15% пари. А спортот пропаѓа. Со 86 милиони денари во Буџетот спортот пропаѓа, не може да опстане, затоа што неодржлива е даночната стапка. Не може да има за донација 15% да се плаќа персоналец, затоа што тој човек издвоил од устата на вработените, од својата репродукција, од својата акумулација и им дава на спортистите пари за да можат тие да ја претставуваат Република Македонија во спортови во кои што Македонија е елита. Затоа го спомнав шахот. 10 години Македонија е во првите 20 земји во светот. Со 148 земји на ФИДЕ, Македонија е до 20-то место.

Во кој друг спорт, во која друга активност ние сме 20-ти во светот. Проблемот е тука и во даноците на имот. Ние рековме дека, министерот се сложи пред 2 години кога дискутиравме дека треба да се зголемат даноците на имот. Последната анализа на Заводот за статистика покажува дека 3/4 од капиталот во Македонија е во рацете на помалку од 12% население во Македонија. И тие треба да го носат даночниот товар. Ако некому му овозможувате во тек на една година да купи незнам какви имоти, да гради незнам какви градежни конструкции, тој мора тоа дебело да го плати. Тој мора тој ист капитал кој што го одвоил, кој што чесно е направен, во ред е, способен е,

креативен е, претприемчив е човекот, создал капитал од 50-тина милиони евра, но тој мора да го влече развојот, таков е капитализмот, тој мора да плаќа данок 10 милиони евра за да може државата да живее. Не може да плаќа данок тој пуст земјоделец што сади еден хектар пченица и неговата нива раѓа три тона и да плати 18% данок за семе, репроматеријал, за нафта. Тука е нашаа аномалија. Не го сменивме односот кон капиталиситчкиот систем во даноците. Најбогатите најмногу треба да плаќаат, затоа што тие најмногу и користат во државата, користат кредити, користат бенифиции, користат дознаки, банкарски услуги, користат интернет услуги, користат оптички табли, се користат, а плаќаат исто како што плаќа еден обичен човек со плата од 10 илјади денари во текстилната фабрика. И тука ни е голема аномалија, даноците на имот се никакви кај нас во Буџетот, ги нема, а без тие даноци нема децентрализација, без тие даноци не може. Гледате сега во Кисела вода какви куќи се градат, или на потегот Кисела вода-Драчево што е за поздравување, секој од тие магацини вреди минимум 2 милиони евра на база на урбанизација на просторот од Кисела вода до Драчево. Тие треба да платат затоа што имале пари да го направат тоа, треба да го плати тоа сега што го направил, да и плати данок на државата. Затоа се работи за тој принцип на даночна политика која што е слепа и глува да направи дистинкција затоа што на запад се знае, има екстра профити и се плаќа дури 99% данок на приходи од имот, или од други приходи, спортски приходи. Зошто спортистите бегаат во Монако и Монте Карло, Борис Беќер, Штефи Граф бегаа од Германија, одеа во Монако, затоа што таму им земаа 99%, над 10 милиони марки им земаше 99% данок државата. И одеа во Монако и во Монте Карло каде што им земаат 75%, 80% па им се исплати 20% да ги задржат во нивниот џеб од тој екстра приход. Ние тоа во Македонија тука не го практикуваме. Затоа тие даноци на имот и даноци на приходи од разни игри кои што ги има кај нас во Македонија, игри на среќа, или други спортски приходи кои што ги имаат големите концерни кои што земаат огромни пари од организирање на спортски приредби, преноси и сл. и тие даноци треба да бидат енормни како што се на запад, затоа што УФАМЕДИ го контролира од Франкфурт до Скопје комплетниот сервис во покривање на телевизиската мрежа за сите фудбалски настани што се случуваат кај нас и во светот. Тоа е систем и тој систем мора тоа да го плати, затоа што сме му дале во Македонија претприемаштво, сме му дале потенцијал за работа, сме му дале да команда со еден огромен систем во Република Македонија и тоа не се прави, затоа овој Буџет не може да биде развоен, затоа што е исклучиво насочен кон тие што досега плаќале пак да си плаќаат, земјоделците, текстилците, рударите, тие пак ќе плаќаат, тие што едвај врзуваат крај со крај, а притоа Македонија, пак ќе кажам капиталот ќе се концентрира во следните 10 години само кај 2%, 3% од населението, не кај 12%, ќе останат само 2%, 3% кои што ќе имаат 4 милијарди евра и другите 2 милиона македонци ќе имаат 500 милиони евра и толку ќе биде капиталот во Македонија.

Сега во владината програма, пак ќе кажам многу битно е како ќе се разбере програмата на Владата дека Македонија ќе ја стимулира јавната потрошувачка од една страна што го наведе премиерот Бучковски, а тука го намалуваме буџетскиот дефицит, пак не ми е јасно зошто? Зошто барем тие 0.3% што можевме да ги емитираме со приливи на средства до крајот на годината не си ги потрошиме, еве пак ќе зборувам за мојата омилена тема земјоделството. Ако веќе сме свесни, тука има преговарачи од актуелниот владин состав одат во Брисел, има министер за надворешни работи, има министер за економија, министер за финансии, нема министер за евроинтеграции, потпретседателката на Владата ја води таа дејност. Па зарем не гледаат тие дека во земјоделието во Европа се полага најголемо внимание, се кршат најмногу копја и дека земјоделската политика е стожерот на ЕУ на нивната буџетска политика. И ние упорно во Македонија одбиваме , еве барем и од овие 0,3% да издвоиме 500, 600, 700 милиони денари. Еве, пред некој ден премиерот промовира дека ќе плати десет ипол денари треба да платат мелничарите на тие што произведуваат пченица. Од каде ќе ја платат пченицата? Како тие ќе платат десет ипол денари. Утринава бев во "Жито-Скопје", откупна цена за веднаш плаќање 7 денари на килограм пченица, за месец дена 8 денари, за неодредено време осум ипол денари. Значи, не може да се плати десет ипол денари за пченицата. Може да се плати под еден услов, ако државата од парите кои што ги има, а кои што сега свесно си ги куси, тука во Парламентот ќе ги скусиме, а определено ни е 0,9. Ние ако до крај имаме 0,9 буџетски дефицит, никој нас ништо нема да ни рече. Така сме проектирале, така сме дошле до крајот на годината. Зошто го кусиме сега буџетскиот дефицит. И тие 0,3% што се некаде околу милијарда денари ги употребиме за 2 денари премија за пченица 1 денар премија за грозје и за намалување на давање регрес за нафта за земјоделците за есенската сеидба. Секој ќе ја подржи оваа Влада. Нема човек во овој Парламент, нема човек во Македонија што нема да каже, браво, што нема да го поздрави тоа, а политичките поени си знаат политичките партии како ќе ги соберат. Нема оправдување да ја сечеме гранката на која што седиме. Можеме да ги дадеме тие два денари премија, никој не ни ги брани, ниту СТО, ниту ММФ, ниту Светска банка, ниту Брисел не ни ги брани. Бидејќи Брисел дава по хектар, по грло 40 милијарди евра годишно дава Брисел за земјоделие. Ние не сакаме едни обични 500 милиони денари кои што им следуваат на земјоделците за високите даноци што еднаш им беа конвертирани од 5 во 18% повисока стапка, а преку кредитната стапка која што не е помалку за физичко лице

земјоделец не може под 12% да земе кредит и плус тоа со хипотека со тан во град. А кој земјоделец има хипотека стан во град. Земјоделец од Ново Село кој што нема урбанистичка документација, или земјоделец од Росоман кој што нема платено комуналии на својата куќа и нема имотен лист, неможе да земе кредит, затоа што се бара хипотека на стан во Кавадарци, или хипотека на стан во Скопје. Значи, при таква кредитно-монетарна, при таква даночна политика она што државата може да му го даде и смее да му го даде и треба да му го даде и политички и социјално и економски е опортуно, му го куси државата и вели: не, ние ќе постигнеме успех, тоа што го планиравме тие депозити таму, јас не знам за што се работи, дали се работи за продавање на обврзници од нашиот долг кон странство, или други обврзници за кои што министерот може повеќе да каже. Ние не ги пуштаме тие, нула стапката ќе биде и ние нема да имаме две милијарди седумстотини и дваесет буџетски дефицит, ќе имаме 920 милиони во основниот буџет и уште 874 ќе земеме пари од Буџетот од кредитите од Светската банка за потикнување на одредени проекти кои што веќе се користат. Зошто тие другите милијарда да не ги потрошиме, еве конкретно за земјоделие. Кому тоа му смета. На кого тоа ќе му падне да речеме рејтингот, или ќе добие негативна оценка кога целата ЕУ, кога СТО почива на аграрната политика на САД, Канада, Австралија и ЕУ. СТО почива на таа аграрна политика. Значи, едноставно не се сака да се разбере суштината на можностите на буџетот и се оди исклучиво на таа финансиска димензија која што е неспорна. Тоа што го кажа министерот тука е неспорно, нема што да дискутираме од аспект на финансиите. Ама така зборуваше и еден друг министер во друга политичка Влада еден друг министер, во трета политичка Влада и се се моделите исти. Јас пак ќе кажам, Македонија се задолжува почитувани дами и господа пратеници. Тоа што го говорам се факти. Бројките се факти, од тоа нема бегање. Милијарда и 900 милиони долари е долгот на Македонија. Зошто се задолжува треба да се запрашаме. Нешто не чини во Македонија. Зошто ние не успеваме да ги вратиме кредитите, туку нон стоп се задолжуваме, тогаш тоа е прашање за дискусија што треба да го отвориме тука. Зошто ни е на нас толку голем огромниот трговски дефицит, зошто перманентно ние земаме нови кредити, тогаш тоа прашање е што ние работиме во Македонија, дали моделот е исправен, да тргнеме од основниот зародиш на буџетската политика, дали ние со таква буџетска политика навистина и помагаме на Македонија како држава, или како држава и одмагаме исклучиво гледајќи финансиски. Министерот за финансии беспорно се најпопуларните политичари во Македонија, затоа што се строги затоа што контролираат, тука јас немам никаква забелешка нека бидат најдобри, ама од тоа македонскиот граѓанин нема никакво фајде. Животниот стандар не му се зголемува, бруто општествениот производ расте, ама кажав колку е животниот стандард по податоци од сајтот на Министерството за финансии 2.136 долари пер капита и не е достигнато нивото од 1990 година.

Во делот на она што претставува Македонија како земја за неразвиени подрачја. Исто така, прилог на бирото за стапка 28.001, бирото за недоволно стопански развиени подрачја само 626 милиони денари за развој на недоволно развиени подрачја. Македонија е 65% од својата територија е недоволно развиено подрачје. Па зарем ние можеме да сметаме дека со овие 626 милиони можеме да ја развиеме Македонија на начин кој што ќе претставува корелација помеѓу Скопје-Тетово и Куманово каде што живеат 70% од македонско население и другите 20 илјади километри квадратни каде што живеат 35% од македонско население, или 30%, а се неразвиени, со 626 милиони? Некаде јас сакам да алудирам на тоа. Зборував за децентрализацијата, за потребата за вработување, за развојот на мали, средни претпријатија, таму може да се употреби милијардата. Значи можеме да ја употребиме во земјоделие, или можеме да ја употребиме за развој на недоволно стопански развиени подрачја и влакно од глава никому нема да му фали, ниту на министерот, ниту на Владата, ниту на Парламентот. Сите ќе бидеме оправдани и дури ќе ја подржиме, јас лично ќе гласам ако сега се донесе одлука да се даде милијарда денари да се испочитува проектираната стапка на буџетски средства од почетокот на годината до крај. Бидејќи пак ќе кажам, неможам да разберам кому тоа му служи што ние ќе отидеме со таков буџетски дефицит да го намалиме од проектираната стапка.

И на крај во делот она што претставува евро обврзниците. Тука убаво се кажува дека Република Македонија преминува на евро обврзници и тие евро обврзници јас ги поздравувам, иако сум повеќе за обврзници по основ на македонското девизно штедење, затоа што имаме добри девизни штедни влогови. Јас прв ќе запишам обврзници, ако се издадат такви обврзници, значи домашно, каматите да одат во Македонија, а не да ги зема некој странец. Меѓутоа, и при ваква евро обврзница ја почитувам, ја поздравувам и предлогот во буџетот го подржувам во целост за тие 9 милијарди 111 милиони денари. Меѓутоа ми смета што во објаснувањето на првата емисија на евро обврзници стои: на ваков начин се обезбедува нов современ избор за финансирање на јавни расходи, рефинансирање на постојниот јавен долг, како и создавање на можности во наредниот период заинтересирани правни субјекти да се појават на меѓународниот Пазар на капитал. Јас ве убедувам, ако повторно ја направиме истата грешка како со издавањето на обврзници за развивањето на пазарот на капитал во времето кога се продаваше Стопанска банка и старите девизни штедни влогови кои што се оправдани, не е спорно дека така треба да го

развиеме пазарот на капиталот, дека треба да се издадат обврзници. Меѓутоа прашање е што ние направивме 15 години за развој на реалниот економски сектор за кој што господинот Иванов толку убаво зборуваше, неметали, рудници, тополници, замјоделски преработувачки капацитети, што направивме ние како држава за истражувањето, за технолошкиот развој. Сето тоа е убаво , развојот на обврзниците е во ред, секундарниот пазар е во ред, меѓународен пазар е во ред. Прашањето е дали од тие 9 милијарди 111 милиони денари барем 70% ќе завршат да се искредитира со тие обврзници да се продадат на варшавската агроберза па да изгради агроберза во Струмица со кои што еднаш за секогаш ние ќе ги елиминираме пазарните вишоци на македонските земјоделски производи и Македонија нема да има проблем, затоа што Македонија  една Варшава неможе со својата земјоделска продукција, ама има проблем да го пречекори тој 1.500 километарска бариера да стигне до Варшава да ги продава своите земјоделски производи. И затоа велам, многу е важно тие евро обврзници еднаш да се употребат во развој на реонот, економскиот сектор, бидејќи ние немаме друга, еве гледате опкружувањето на Македонија, ризикот во Македонија, статусот на Косово, проблемите Што ги имаме со опкружувањето наметнува ниска стапка на директни странски инвестиции во Македонија. Во Македонија се градат трговски центри, во Македонија банките инвестираат само за купување на станови, во Македонија се градат само станови и магацини. Никој во Македонија не подигнал голема фабрика од 1990 година, ниту една, ниту еден рудник е отворен, ниту една фабрика фармацевтска, текстилна, хемиска е направена. Се градат станови, се купуваат станови, се градат магацини и се работи лон услуга за други. Значи Македонија не создава нова вредност, или нашето учество во создавањето на нови вредности е многу мало, произведуваме производи кои што имаат нула коефициент на ново создадена вредност. Тоа е реалноста во македонската економија. И клучното за овие евро обврзници е да ги употребиме , еве има конкретни активности во Министерството за земјоделие, луѓето знаат со кои луѓе да контактираат со варшавската берза, со кои министри од полската влада за да варшавската берза купи 51 пакет акции од агро берзата во Струмица и ние да имаме веднаш меѓународна берза на земјоделски производи во Република Македонија и со тоа Македонија без проблеми тие 300 милиони евра извоз да си ги прави без никаков проблем во земјите од ЕУ, бидејќи Полска е земја на ЕУ, а не мора Полска, може да биде берзата во Будимпешта регионална  берза, берзата во Берлин или берзата во Амстердам со нашите познати добри односи со холандските пријатели. Едноставно мојата подршка кон буџетот ќе оди во насока, односно кон измените и дополнувањата само во тоа доколку останеме доследни како што ги ревидираме негативно стапките од 4% предвидуваме лани па стигнавме до 2,9. Сега да бидеме мажи според мене и да си останеме на буџетски дефицит од 0,9 и таа милијарда денари на предлог на Министерството за финансии да си ја потрошиме во Македонија таму каде што ќе оцени во овој момент актуелната извршна власт каде е тоа потребно за вработување, или за децентрализација, или за земјоделие, или за недоволно стопански развиени подрачја. На друг начин не можам да дадам подршка за овој предлог за измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор Никола Поповски министер за финансии.

**Никола Поповски:** Благодарам. Ако би можел со една реченица да се согласам по ова што господинот Ѓорчев со внимание го слушав цели 10-тина минути како го објаснува, тоа е дека неговиот концепт е нецелосно , еве математички, 100% различен од тоа што сега ние го нудиме како политика. Ако треба со две реченици да се изјаснам, тогаш на првата, втората ќе ја додадам дека тој концепт Македонија во рок од 2,3 години ќе ја доведе во колапс .

Господинот Ѓорчев зборуваше долго време, изнесе многу бројки и факти. Во еден момент рече дека бројките се факти и дека тие треба да се почитуваат. Да, под услов ако бројките кои се искажани се точни, ако бројките кои се искажани од говорницата не се точни, тогаќ тие не можат да бидат факт и автоматски не можеме на нив да градиме политика. На пример, се поаѓа од фактот дека Македонија се презадолжува постојано, иако јас многу често при вакви расправи укажувам дека секоја година ние го намалуваме вкупниот јавен долг на Македонија постапно, ама сигурно. Ние во овој момент вкупниот јавен долг вклучувајќи го и домашниот и странскиот веќе го спуштивме под 50% од бруто домашниот производ и домашниот и странскиот, односно вкупниот јавен долг. Не можеме да градиме политика со факти дека тој се зголемува. Тој се зголемува можеби во долари, тој можеби се зголемува и во евра. Меѓутоа единствениот показател дали е тој зголемен, или не е во однос на бруто домашниот производ. Ако вие сте имале бруто домашен производ лани 100 и надворешен долг 50, ако бруто домашниот производ пораснал за 3% на пример 2004 порасна за 3, а долгот за 1%, вие го намалувате долгот, затоа што 50 на 100 е повеќе одколку 51 на 103. Бруто домашниот производ во Република Македонија расте побрзо од надворешното задолжување и со тоа  ние го намалуваме надворешниот долг на Република Македонија , односно јавниот долг, во овој случај надворешен.

Не верувам дека ќе се разбереме, затоа што ова два-три пати го потенцирам во Собранието. ледам дека има потреба да се посипуваме со пепел како држава и таму  каде што не треба.

Ние, едноставно, имаме секоја наредна година помал јавен долг. Тоа го знае цел свет. Тоа го прифаќаат сите меѓународни институции од

најреномираните што господинот Ѓорчев не ги цени како политички пристап, што има, секако сопствено право на тоа, го прифаќаат и Европската Унија, го прифаќаат и европските финансиски институции и едноставно не треба тука понатаму да разговараме.

Второ, како господинот Ѓорчев смета дека Македонија треба да не се задолжува понатаму, а половина од неговото излагање го потроши убедувајќи не дека треба да го задржиме постојниот дефицит од 0,9. Господине Ѓорчев, дефицитот на Буџетот е задолжување. Што значи дефицит? Значи дека собирате даночни приходи од 100, а трошите 110. Тие 10, што се? Тоа се нето задолжување на државата. Дали домашно, по пат на домашни обврзници и други трансакции, дали странско, како странски кредити или странски обврзници, сосема е се едно. Се додека имате дефицит на тековниот буџет, зборувам во тековна фискална година, вие имате нето ново задолжување. Освен, ако немате депозити од минатото што ги користите, што повторно ве доведуваат во иста ситуација.

Значи, едноставно е најконтрадикторна можна политика да предлагате на Собранието или на државата да го зголемуваме дефицитот, од таму да влечеме пари за да финансираме проекти што се кажуваат, а во исто време да не убедувате сите нас дека многу се задолжуваме. Дефицитот, едноставно, ако сакате најпластично ставете знак на математичко равенство помеѓу дефицотот и задолжувањето.

Што значи тоа собираме даноци 100, а трошиме повеќе и дефицит?! Тоа значи чисто задолжување на државата на домашниот и на странскиот пазар. И јас, ве уверувам дека Македонија треба да продолжи по патот на низок дефицит, на низок дефицит. Во овој момент, ние дефицитот го контролираме на половина процент од бруто домашниот производ годишно и Владата на Македонија, оваа Влада, оваа, до 2008 година, наредните четири фискални години ќе го држи дефицитот, ако остане се разбира, на 0,5% од бруто домашниот производ. Меѓутоа, не дефицит на централниот буџет, дефицитот на општата Влада, вклучувајќи ги и фондовите и локалната власт што исто така е јавни финансии. И, ако ние годишно растеме со 3,8 или 4 и во наредните години после 2005 година, а се задолжуваме дефицит со 0,5, ние, во рок од 3-4 наредни години ќе креираме бруто домашен производ поголем за 10 - 12%, а новото задолжување ќе биде дополнителни 2%. 10% ќе го намалиме долгот на Република Македонија, внатрешен и надворешен. И, тоа, исто така, не е небитно дали е внатрешен или е надворешен.

Меѓутоа, во услови во кои живееме ние, каде што структурните обврзници на Република Македонија, внатрешни, т.е. внатрешниот долг е апсолутно деноминиран во евра, значи скоро сите, најголем дел од нив се издадени во денари, во евра кои доспеваат и се исплаќаат во денари по курсот на еврото во тој момент. Сосема е сеедно, затоа што ние, секоја девалвација на денарот од 10% ни го зголемува домашното задолжување од одприлика тогаш креирано 700-800 милиони евра за уште 80 милиони евра. И, мора да се има многу поголема доверба во пристапот што го имаме.

Јас, по повод дискусијата на господинот Оровчанец, не го гледам сега тука, кажа. Ако сакате јавните финансии да ги доведеме во ситуација во која е доведен Фондот за здравство, треба да продолжиме вака. Меѓутоа, сега, страда Фондот за здравство. Во случај кога јавните финансии, каде што централниот стожер е државниот буџет, околу кој ротираат како сателити, во астролошка смисла не во политичка смисла, Фондот за пензиско, Агенцијата за вработување и другите, ние ќе ја колабираме комплетната структура на македонските јавни финансии, а тоа за секоја современа држава значи колапс на финансискиот систем.

Едноставно, ние немаме толку голем избор како што мислиме. Ние немаме толку голем избор како што мислиме. Ние, голем дел од политиката што ја предлагаме мора да ја предлагаме во насока да ги обезбеди перформансите што мораме сите да ги имаме.

На пример, во 2000-та година, домашниот долг е зголемен за фантастични 700 милиони евра, во рок од 4-5 месеци. Со два закони што се донесени во Собранието. Не можеме тоа сега да не го респектираме. Тоа е тоа што го донесе вкупниот јавен долг на Македонија, одеднаш, нето над издржливоста. Од 2000-та година до денеска успеавме вкупниот јавен долг да го намалиме, во однос на бруто домашниот производ, од 57,5 денеска некаде на 45% во изминативе пет години, по два основи: прво, со смалување на дефицитот и второ, со нето отплата. Второто, многу помалку отколку првото.

И, немојте воопшто да мислите дека Македонија прави некој исклучок со дефицитите. Ние имаме во соседството држави како нас, кои постигнаа резултати и на кои јас им завидувам како тоа успеале да го направат. Бугарија, Србија во одредени периоди, кои креираа не само немање на дефицит, креираа суфицит на централниот буџет во неколку последователни години, суфицит, со кој што успеваат да го намалат степенот на задолженост, плус на суфицитите, приходите од финансирачката страна на буџетот, што не се приходи за трошење, условно кажано, освен како нето резултатнт на приливиот и одливот на Буџетот, приходите под цртата ги трошат 90% за отплата на странскиот долг. На пример Бугарија, врши продажба на Телеком, приходува некаде околу една милијарда долари, во рокот од еден месец 900 милиони од нив ги користи за отплата на странскиот долг и успева да го намали странскиот долг на под 30% од бруто домашниот производ. Во неколку такви последователни акции.

Кај нас, што се случува? Го продаваме нашиот Телеком. Средствата одат во проекти што, не само што се сите неуспешни, туку одат во

внатрешна потрошувачка што не го намалуваат долгот.

Јас сум уверен дека ние можеме да паднеме во замката и со ЕСМ. Во истата рамка. Да помислиме дека тие средства треба брзо да ги искористиме во потрошувачка. Меѓутоа, јас кажав во воведното излагање колкави се нашите годишни трошоци за отплата на долгот. Домашен и надворешен. Над 7 милијарди, од прилика, денари. Замислете да го преполовиме тоа на среден рок?! Автоматски, преполнувањето ќе значи дека ние 3 милијарди имаме дополнителни средства во буџетот секоја година за трошоци што не ни се врзани со дефицит или со обврски кон долгот, домашен или надворешен, се едно.

Министерството за финансии, сакам јавно да изјавам дека ги третира подеднакво. Солвентноста кон домашниот и надворешниот долг за нас е приоритет, обврска број 1. Над сите други обврски на буџетот. Затоа што само така можеме да покажеме цврста буџетска политика, цврста држава што ги отплаќа своите обврски, на домашните и на странските доверители.

Затоа сум уверен дека обидот со лесно ветена брзина може да стане погубен обид на оваа држава. А, исто така, сакам да ги уверам и пратениците да ја уверам и јавноста дека нема опасност од тоа. Затоа што конците, во таа насока, цврсто ги држиме во рака. И, не само што цврсто ги држиме, туку и цврсто ги проектираме во идните пет години, ако сакате и подолго, иако тоа е многу глобално планирање над 4-5 години, зависно од околностите во сите држави каде што не дозволуваме да случи некоја непозната во системот што ќе го извлече целиот систем на јавни финансии вон од стабилноста. Јас ви гарантирам дека Фондот за здравство е сега единствениот голем проблем на јавните финансии. Тој треба што побрзо да се изсанира, да се доведе во позиција да троши колку што прибира и постапно да го врати тоа што неправедно го потрошил во изминатите, веројатно 15-тина години, некогаш повеќе, некогаш помалку, а не требало да ги потроши.

Од тој агол гледано, изборот во таа насока е ограничен. Слободата на нашето одлучување, што ние ќе одлучиме, во врска со преостанатите средства на располагање на буџетот, каде ќе ги насочиме. Ние, оваа година имаме една милијарда повеќе даночни приходи од проектираните и од прилика 1,5 милијарди повеќе приходи од дивиденда на државата, од сопственоста на државата. Акциите во телеком се наша сопственост, на државата. Тие 2,5 - 2,6 милијарди ги распределивме на тој начин на кој што кажавме. Дел за покривање на загубата на Народна банка во 100%, затоа што тоа според Законот мора да го направиме, дел го намаливме дефицитот, односно ја намалуваме потенцијалната задолженост, не се задолжуваме, и дел финансираме, околу 700-800 милиони целосно во капитални инвестиции, вклучувајќи го и Гарантниот фонд што треба да биде аплицирање на извозот.

Внатрешната прераспределба на остатокот на оние огромни 50-тина милијарди во Буџетот, минус законските обврски на Буџетот треба многу внимателно да ја трошиме. Само на минатата седница, на Предлог на Владата, Парламентот, јас искрено да ви кажувам не по драга волја го поддржав тоа и кога не би бил еден од малцинството, нема да го поддржам. Меѓутоа, кога сте во малцинство и во Парламентот и во Владата, може да поддржувате такви проекти. Во петокот донесовте нов Закон за социјална помош. Со неколу одредби внатре сите позиции ги подигнавме нагоре, на Предлог на Владата и парламентот. Идната година тоа ќе повлече некои милиони денари од Буџетот. Помало право да одлучиме дали за земјоделието, дали за не знам што. Создадовме обврска. На некого, правото по социјален основ му го зголемивме од 20 на 25%, некоја група додадовме нова, некому продолживме право од 18 на 27 години да им важат и ние могу лесно, како Влада и како Парламент ги поддржуваме тие закони и тие, идната година, во Буџетот создаваат законска обврска. Ќе го намалиме бар за 100 милиони денари нивото на слобода на сите нас. Законските обврски се втори, после обврските на државата кон странските и домашните доверители. Законски обврски на буџетот. Во закон сме пропишале дека тој треба да добие таква и таква помош, издршка итн. Затоа треба да бидеме многу повнимателни за да можеме да имаме слобода, кога ова што го разговараме како политика што треба да ја предложиме, ќе можеме да ја осврнеме.

А, во однос, да се вратам на почетокот, на односите што се бара од мене како министер, кој го предлага буџетот, да се воспостават на поинакво ниво помеѓу, еве, да ги кажам, балансите воспоставени со надворешниот сектор, со надворешниот долг, со внатрешното задолжување, со нивото на потрошувачката и со дефицитот на Буџетот, автоматски не можам да го прифатам. Затоа што сметам дека од мене и од страна на Владата би било рискантна, да не употребам потежок збор, неодговорна позиција на министер за финансии.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ѓорчев, повелете, имате три минути реплика.

**Марјан Ѓорчев:** Господине претседателе,

Мислам дека не е фер три минути сега, кога три минути беше реплика на министерот за финансии, а вие му дадовте 15 минути.

**Љупчо Јордановски:** Министерот, како предлагач има право да зборува. Ако беше триминути реплика, негова, вашата ќе беше една минута контра реплика. Но, бидејќи тој зборуваше, вие имате право на три минути реплика.

**Марјан Ѓорчев:** Добро, тогаш за збор се јавувам.

**Љупчо Јордановски:** Добро, за збор ќе се јавите.

Повелете господине Гајур Сарач, вие сте на ред за дискусија.

**Гајур Сарач:** Благодарам господине претседателе,

**Љупчо Јордановски:** Добро, се намести распоредот на говорниците да биде нареден говорник господинот Марјан Ѓорчев и тоа треба да го покажат телевизиите, затоа што веќе имаше редослед.

Повелете сега, а инаку, јас тоа го викам шах.

(На видео бимот се откажаа сите говорници, повторно се пријави Марјан Ѓорчев па потоа и останатите).

Повелете господине Сарач.

**Гајур Сарач:** Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Денеска расправаме за Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, со буџети за 2005 година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

При крајот на секоја година се донесува, односно се предвидува приходите и расходите на државата за годината што следува, односно се донесува Буџетот на државата.

Буџетот е променлива работа. Тоа зависи од промените во финансиските услови на државата. Значи, при донесувањето на Буџетот за тековната година, а и на буџетот на фондовите и на Агенцијата за вработување, не може 100% да се планира околу финансиските токови во државата за годината за која што се донесува.

Сосема е нормално и не само кај нас, туку во многу држави во светот, се прават ребаланси на буџетите. Секогаш, причини за ребаланс на Буџетот се извесни отстапувања од предвидените приходи и расходи во самиот донесен буџет за истата година.

Во овој случај имаме големи измени кај приходната страна и помали измени на расходната страна.

Кај приходната страна, скоро кај сите приходни ставки имаме зголемувања што отстапуваат од планираните приходи, така што од планираните 52.321.000.000 денари со Буџетот на Република Македонија за 2005 година, сега, со ребалансот на Буџетот се планирани 53.318.000.000 денари даночни приходи. Или, гледано поаналитички, кај персоналниот данок од доход, од планираните 7.931.000.000 денари, со Буџетот за 2005 година, сега со ребалансот се планираат 8.231.000.000 денари.

Кај данокот на добивка имаме идентична ситуација каква е проекцијата на Буџетот за 2005 година.

Кај данокот на додадена вредност, од планираните 25.623.000.000 денари, сега со ребалансот на Буџетот за 2005 година се планираат 26.325.000.000 денари или 700 милиони денари повеќе.

Исто така, и кај увозни давачки имаме зголемување во планирањето, односно во ребалансот на Буџетот од 4.731.000.000 на 4.867.000.000 денари, значи околу 130 милиони денари повеќе од планираните увозни давачки. Ова планирано зголемување на даночните приходи е резултат на очекуваната поефикасна наплата на даноците и зголемената фискализација на даночните обврзници.

Повисокото ревидирање на буџетот кај вкупните приходи се должи и на ревидирањето на неданочните приходи, што се планирани во износ од 5.151.000.000 денари, а пред се поради повисокото утврдена дивиденда од АД Македонски телекомуникации во износ од 1.560.000.000 денари во однос на планираните со Буџет за 2005 година.

Кај капиталните приходи нема отстапување од планираното со Буџетот за 2005 година на Република Македонија.

Со измените и дополнувањата на Буџетот за 2005 година, за макрофинансиската поддршка на Буџетот за 2005 година е планирано повлекување на средства од Холандија како втора транша од донацијата, во вкупен износ од околу 800.000.000 денари.

Од сето досега наведено, во врска со приходната страна на Буџетот на Република Македонија, со ребалансот на истиот за 2005 година, вкупните приходи се планирани на износ од 59.905.000.000 денари или 3.403.000.000 повеќе во однос на приходите планирани со Буџетот на Република Македонија за 2005 година, што изнесуваа 56.502.000.000 денари.

Анализирајќи ја расходната страна на измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, може да се види дека вкупните расходи се планирани во износ од 60.825.000.000 денари или, во споредба со Буџетот за 2005 година имаме околу 1.620.000.000 повеќе.

Зголемувањето на расходите се должи на потребата за буџетирање на расходите што произлегуваат од измените на Законот за плати на избраните и именуваните лица, потребата за покривање на загубата и обезбедување на средства наменети за општите резерви на Народна Банка на Македонија.

На крајот можам да споменам дека буџетскиот дефицит е намален со првичниот проект што е донесен во декември 2004 година за 2005 година за 920 милиони денари. Во целост гледано ребалансот на буџетот е реално концепиран и јас ќе го прифатам овој предлог господине претседателе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Ѓорчев, имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа пратеници,

По втор пат се јавив за збор во врска со појаснување на некои работи за кои што сметам дека можеби не успеав да ги претставам во онаа димензија во која што мислев дека ќе ме разберете во врска со односот на надворешниот долг на Република Македонија. Јас кога говорам со бројките, бројките се од Сајтот на Министерството за финансии. 1,1 милион долари беше долгот на Македонија кон странство 1993 година. 1 милијарда 920 милиони долари е долгот на Република Македонија денес. Тоа е разлика околу 800 милиони долари, или ако сакате тоа е разлика која што претпочита пораст од бруто општествениот производ 50% да направела Македонија, па да можеме да говориме дека ние не ја зголемуваме реално вредноста на надворешниот долг. Секоја година од 1993 година наваму ние сме ја зголемувале вредноста на надворешниот долг. Процентите се многу интересна работа, меѓутоа факт е дека минаатата година имавме процент на бруто општествен производ на стопански раст 2,9, а односот 1.920 милиони долари према 1.778 милиони долари е процент 3,2. Значи, и во проценти изразено надворешниот долг повеќе расте отколку што расте бруто општествениот производ. Тоа се бројки, ние бројките може да ги ставаме во проценти, во релативен однос, меѓутоа факт е дека бројките се бројки, долгот е толку. Дали ние успеавме да го зголемиме бруто општественито производ за 50% во однос на 1993 година. Да земеме кумулативно, да ги извадиме сите проценти на пораст на стопанскиот раст на Република Македонија ќе видиме дека немаме пораст од 50% во однос на основицата во 1993 година. Значи, долгот реално расте во однос на растот на бруто општествениот производ. Значи, тука не можеме да полимизираме дека ние го смалуваме како надворешен долг како процент од бруто општествениот производ. Тој си расте.

Во однос на дефицитот несомнена работа е тоа што го зборува министерот за финансии е така. Јас уште еднаш ќе кажам. Како најмоќната земја на светот си дозволува буџетски дефицит од 5%, прибира капитали од Јапонија, од Холандија, од најголемите концерни и си го покрива од странство финансирањето, што Америка е интересна земја за финансирање. Ние нашите девизни резерви ги чуваме во странските банки, во Вестирне банк, Дојче банк. Депозитите на граѓаните не се осмелуваме воопшто да ги употребиме во развојот на Република Македонија. Јас говорев за тоа дека ние можеме неинфлаторно со сопствени ресурси кои што ги имаме над 2 милијарди евра девизни резерви, депозит на население, депозит на стопански субјекти кои што можеме да ги употребиме во развојот на реалниот македонски сектор кој што умира. Затоа што една работа е што укажува министерот за финансии финансиски, ние од тој аспект со финансиски показатели добро стоиме, меѓутоа оваа димензија за која што јас говорам, економската димензија факт е дека ние лошо стоиме. Тоа се две крајности на еден ист концепт. Ние не можеме да прифатиме дека добро стоиме финансиски а народот нема пораст на животниот стандард. Расте сиромаштијата, невработенсота не можеме да ја контролираме или ја бришеме од евиденција на невработените, немаме странски инвестиции а моделот ни е добар. Значи, се работи за фианнсиски модел кој што од финансиски аспект, јас кажав на почетокот е одржлив максимално, економетриски прецизен, точен во проценти, во бројки дава идеална слика за Македонија. Реалната слика за Македонија, претпријатијата кои што се затвараат, стечајните постапки, долговите кои што се нараснати, тоа е доказ дека економски ние назадуваме. Јас го кажав примерот пред две години. 1993 година кај проценката на Алкалоид, неговата вредност на капиталот беше идентична со ЛЕК-Љубљана. Разликата беше некаде со 10 милиони марки, а сега е разликата, Алкалоид да може да се продаде 100 милиони евра ќе биде голема работа за Макеоднија, а ЛЕК се продава за 1, 1 милијарда евра. Во што се состои таа разлика. Се состои во економскиот концепт на Словенија и во економскиот концепт на Македонија, каде што Македонија исклучиво се потпира на финансиските постулати, каде што исклучиво се грижи за финансиската димензија, не јавната потрошувачка и фиксниот курс на денарот и низок дефицит каде што беспрекорно функционира тој модел, ама за жал народот од тоа полза нема. Нема нови вработувања, не се смалува таа волшебна бројка. На почетокот на приватизацијата беше 1216 претпријатија со 218 илјади вработени. На крајот одткако се приватизираа 150 илјади од тие отидоа на Заводот за вработување. Тоа се фактите, тоа е состојбата. Ние можеме да прикажуваме тука дека моделот е одржлив на долг рок, фискално одржлив, дека е добар но ние имаме невработени, имаме сиромаштија. Ние имаме заостанување во технолошкиот развој. Нас фабриките не ни работат добро. Економскиот сектор пропаѓа, транспортните претпријатија пропаѓаат, бројот на современи ладилници што превезуваат од Македонија во светот пропаѓат. Земјоделските стопаснтва, механизацијата е стара, од времеплов е дури речи. Од 54 илјади трактори 50 илјади се времеплов, од 70-тите, од 80-дите години, не спасува само што имаме добри механичари и што знаеме од Србија да донесеме делови застарени па ги заменуваме старите фергусони. Немаме ние раст. Ние имаме раст во однос на она што претставува финансиска димензија, финансиско гледање на нештата.

Во реалниот економски сектор Силекс нема развој. Силекс е поскап од 1990 година, нема раст, нема обртен капитал, нема ни Алкалоид, едвај можеби остварува дивиденда од 3 до 4 милиони евра, а Алкалоид треба да остварува 50

милиони евра дивиденда со оглед на потенцијалите што ги има. Кој води грижа за тоа? Затоа велам Алкалоид може да вработи многу голем број на вработени, Силекс може да вработи многу голем број на вработени, Тиквеш може да вработи, Винојуг може да вработи, но ние тоа не го гледаме така. Јас затоа велам не можеме да споредуваме два концепта во кои што едниот ќе биде фаворизиран, а ние го коментираме само финансискиот, а во другито дел едноставно Македонија тоне, невработени, сиромаштија. Цели региони испустеа. Вие немате од Кавадарци до грчка граница 40 километри пат жив човек. Има луѓе 340, по картографија нема ни 5 луѓе кои што живеат во 18 населени места во Тиквешијата. Тоа е последица последните 15 години успешен економски модел на Македонија. Затоа велам кога говорам за бројките како примеси тие се точни, затоа што се зборува секогаш во апсолутни бројки. Колку е порастот на бруто општествениот производ 1994 година во милиони долари во Македонија. Дали е тој 250 милиони американски долари? Тоа треба да се каже и да го споредиме со порастот на надворешниот долг. Ако е повеќе од 250 милиони американски долари јас ќе кажам дека тогаш немаме зголемување на надворешниот долг. Ако порастот на бруто општествениот производ во однсо на 1990 година е 50 пати зголемен, 50% зголемен, а што не е тврдам, затоа што ги знам стапките од 1993 година до сега тогаш ние ќе кажеме да, точно ние не го зголемуваме надворешниот долг, ама факт е дека го зголемуваме. Колку стандард имавме ние 1990 година, реперната година? 2200 американски долари перкапита, 2003 година на крајот имаме 2136 американски долари. Како сме го зголемиле бруто општествениот производ, по кои репери. По кои параметри ние сме го зголемиле бруто општествениот производ по перкапита во Република Македонија. Значи, не го зголемуваме. Ние во проценти ако мериме можеме да направиме на крај дека имаме идеална состојба во Република Македонија, меѓутоа факт е дека во тој дел она што претставува буџетска политика во услови кога немаме зголемена приватна потрошувачка, кога се ограничени платите во јавниот сектор, вие видовте каква реакција имаше за нормално зголемување на платите на пратеничката струка и министерскиот состав. Нормално зголемување. Со години зачаурени односи или проблемот со штрајкувачите на СОНГ за 10%, или пак земањето 8% од пензионерите. Тоа се недостојни работи. На пензионерите 8% им зедовме што им следува, кое што им беше земено. На СОНГ на вработените 10% не сакаме да им дадеме. Тука се гледа оправданоста на една буџетска политика, задоволството кај народот. Што ќе ви е Буџет ако народот не ви е задоволен, ако народот страда, ако е сиромашен. Каква цел има тој Буџет? Јас пак ќе повторам затоа е Америка голема земја, затоа е Британија голема земја. Тие интервенираат со ракети Томахав, трошат пари за ракети, го задолжуваат својот буџет со 500 милијарди долари, ама тоа го прават за доброто на американските граѓани. А британците велат во името на нејзиното височество секој граѓанин е заштитен од британската Кралица. Затоа се тие големи држави. Затоа ние имаме проблеми со патриотизмот, со гордоста како македонци, затоа што ние не можеме да се пофалиме дека народот добро ни живее. Буџетот има смисла тогаш ако народот е задоволен, ако народот е среќен, ако народот, што значи тоа 2,7, или 0,9 или 0,5. Ние имаме девизни резерви. Колку сме искористиле? Вие фазите ги укинавте, овде во овој Парламент, вие гласавте, јас не иако бев тука 10%-те од девизните резерви да ги употребуваме за подршка на реалниот економски сектор. Да не му дадеме гаранција на "Гранит" даземе уште еден центар во Украина, или да му дадеме гаранција на "Пелагонија" да се бори во Бугарија или во Албанија на тендери со турски фирми. Ние не можеме така да го развиваме македонскиот живот во државата, општествениот живот, социјалниот живот, економскиот живот. Само со голи бројки, со голи проценти и со голи податоци. Јас кога го говорам ова, не е мој извештај. Тоа беше извештај на ЈНДП прочитајте го. Прво, 2003 година над 500 илјади македонски граѓани се сиромашни. Тоа го кажува ЈНДП, не го кажува Марјан Ѓорчев. Тоа го кажува светска институција дека во Република Македонија најголем проблем е невработеноста, сиромаштијата, корупцијата и организираниот криминал. Дека Македонија е небезбедно подрачје и дека буџетската политика има за цел меѓу другото, како јавната потрошувачка, дел од тие проблеми да ги среди. Ако не може во делот на борбата во целина, која што е поширока борба против тероризмот, против организираниот криминал чии што патишта поминуваат низ Македонија, може во делот на подобрениот животен стандард. На крај на краиштата минситерот убаво кажа на почетокот, ова е наш македонски Буџет, ова е наша македонска буџетска политика, па и ова е наш македонски Парламент. Во интерес на македонските граѓани, во интерес на македонскиот народ ние треба да гласаме така како што на граѓаните им е добро. Инаку која е нашата цел тука да седиме и да гласаме за проценти дека толку сме успеале, волку ќе намалиме, 0,3, или 0,3 ќе додадеме, што од тоа има полза македонскиот земјоделец. Јас ќе ви кажам односот размена македонско земејоделие увоз-извоз 120 милиони евра повеќе увоз одтколку извоз на македонските земјоделски прехранбени производи. 120 милиони евра, ние говориме дека сме земјоделски силна држава. Увезуваме се и сешто, увезуваме 50 милиони евра месо, увезуваме 20 милиони евра житарици, не можеме да ги задоволиме сопствените потреби за производство. Зошто? Затоа што имаме таков Буџет. Кога немаме приватна потрошувачка, коа немаме инвестиции, кој објект во Македонија е направен во земјоделството во последните 15 години освен Битолска млекарница. Капацитет со кој можеме да се гордееме и на кој што почива сега столбот на

македонското земјоделие во овој момент во сточарството и извозот на млеко и млечни преработки во Грција, Косово и Албанија. Значи лукративни се податоците во нашиот Буџет. Не се работи тука за докажување на теории. Јас сум сигурен дека министерот за оваа работа има подготвено комплетна анализа за финансиските податоци, меѓутоа минситерот дали ќе биде буџетската политика добра или лоша му даваат верификација пензионерите со тие 8%, му дава СОНГ со тие 10% му даваме и ние во делот на она што претставува одредени дискусии и дали треба за земјоделството вработување и слично, затоа што фикс е ако мислиме дека, тоа е фетиш ако зад министерот стојат бројки. Зад минситерот стои гласачко тело, политичка волја, парламентарно мнозинство или парламентарна опозиција. Во основа тука се работи, Буџетот е фетиш ако мериме во бројки. Буџетот е реалност ако гледаме како ние, со која мерка во Буџетот ќе овозможиме, пак ќе кажам, го земам примерот на Алкалоид, затоа што мислам дека е податлив за анализирање како една од најдобрите македонски компании која што може да се мери и сега со Словенечкиот пазар. Какво поттикнвување на развојот во делот на економсктие мерки што ги кажуваше премиерот, почитуваниот господин доктор Бучковски ние ќе успееме да му помогнеме на "Алкалоид" тие 60 милиони евра што ги трошат Словенците со нивните фармацевски производи да може Алкалоид да ги врати со извоз на македонски фармацевски производи во Словенија. Тоа е буџетска политика, тоа е политика на здрав развој, тоа е политика да може после да се наплати данок, ДДВ, да се наплати данок од добивка за да може потоа таа фирма да биде уште појака. Ние имаме такви фирми, имаме такви можности. Таков е капацитетот и на Битолска млекара, да не зборувам и за ред други кои што ги имаме во Македонија. Што ние ќе им помогнеме тие луѓе да имаат поткрепа од јавната потрошувачка за да можат да стимулираат развој во своите региони, регионален развој, развој на комплетни концентрични кругови, Битола да биде центар на земјоделието, Скопје да биде центар на трговијата, Струмица или Тетово да биде центар на текстилот. Едноставно ние не работиме на начин на кој што сакаме верибвираме државата. Државата има потреба од финансиска дисциплина. Државата има потреба од пари, има потреба од девизни резерви, но над се државата има потреба од задоволни луѓе. Ако тие луѓе се задоволни, ако тие луѓе земаат на време плата, ако таа плата е достоинствена, ако тие имаат каде да ги вработат своите синови тогаш буџетската политика е оправдана. Буџетот е дел од државата. Буџетската политика е потрошувачка на државата. Државата ја чинат нејзините инструменти, ние Парламентот, Владата. Се друго за што дискутираме се само формули, теории. Овде е реалноста, во макеоднскиот Парламент. Ние тука ја губиме битката за Македонија илија добиваме битката за Македонија. Тука се добива битката. Јас ве уверувам дека не може професор во средно или основно училиште да има 12 илајди денари плата. Тоа е недостоинствено. Тоа е нечесно према трудот што го вложува тој професор таму. Тој вреди повеќе од 200 евра. Некој ќе каже Филипсовата крива кажува дека платата се определува според невработеноста. Во Македонија ако мериме толку има невработени ние ни 5 евра не треба да земаме тука во Парламентот. Толку има број невработени, на секој парламентарец доаѓаат стотици илјади невработени, ако мериме така економетриски. 5 евра не заслужуваме да земаме. Дали е тоа оправдано. Математички по Филипсовата крива тоа е така. Колку е поголем бројот на невработеноста толку паѓа надницата на сите што работат во секторот. Дали е тоа професија здравство, дали е тоа Земјотресно инжињерство, дали е тоа Медицински факултат. Ама, така е теоријата, дали во пракса треба да биде така? Ние ќе се соочиме со тежок бран на протести, тешко незадоволство, откажување од синдикални организации. Тоа се случува со СОНГ сега. Ќе се соочиме со незадовослтвото на земјоделците на есен кога ќе им пропадне пченицата, ќе им пропадне грозјето. Ќе се соочиме со уште пострашни работи каде што благодарение на буџетската политика се дестабилизира Македонија. Се дестабилизира Република Македонија, протести, незадоволство, штрајкови, ветувања кои што не водат никаде. Премиерот вети 10,5 денари, но не нуди механизам. Јас не гледам Министерството за финансии како ќе ја плати пченицата 10,5 денари, а ветено е на Сојузот на земјоделците 10,5 денари. Зборот на премиерот е света работа во една Влада. Нема минситер што може да ја погази таа работа. Како сега ќе палти 10,5 денари пченица без премија од 2 денари, кога цената на пченицата е 8 денари. Тоа се многу егзатни работи. Или сме држава која што се грижи во даден момент за одреден политички, социо-економски и финансиски опорунитет за кое што неспорно го кажа министерот тоа што го кажува, така е, не спорам со тоа, ама спорам со тоа дека Македонија е само финансиска држава. Македонија е и економска, Македонија е и социјална, Македонија е и политичка, Македонија е и граѓанска држава. Не може само финансискиот концепт да биде, затоа што никаде во светот не е така. Јас ќе прифатев така, така да беше во Европската унија, така да беше во Словенија, така да беше во Хрватска, така да беше во Грција. Не е така никаде. Кога се јавува проблем вод ржавата, кога треба развој, кога треба стимулации за државата Европската унија издвојува стимулации, како сега лудите крави. Не е битно колкав беше буџетскиот дефицит, издвоија милијарди и милијарди. Германската држава издвои илјадници милијарди марки за спојувањето со Источна Германија. Никој не водеше сметка каков буџетски дефицит имаше Германија тогаш и си искреира политика како ќе го покрие буџетскиот дефицит. Може и Македонија, може и министерот за финансии, можат и сите имаат доверба во нивните

потенцијали на долг рок да обезбедиме стапка од 5, 6 или 7%, а не стапка од 3%, не стапка од 2,9%. Колку е 2,9% на 5 милијарди евра бруто општествениот производ. 150 милиони евра, а годишно се задолжуваме повеќе од 200 милиони евра.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам господине Ѓорчев.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).